# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 јануари 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нежде т Мустафа, Благородна Мингова-Крепиева, Љупчо Мешков, Стојан Андов, Цветанка Иванова, Зоран Томиќ, Наташа Биковска, Трифун Костовски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски, Ганка Самоилова-Цветановска, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ристо Пејовски, Игор Ивановски, Али Ахмети, Теута Арифи, Јусуф Арифи и Лилјана Ивановска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот по Предлогот за донесување на закон за основање државен универзитет во Тетово.

Има збор пратеникот Илија Србиновски, а нека се подготви Марија Којзеклиска.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Минатиот пат кажав дека по овој Предлог на закон за основање на државен универзитет во Тетово дека е неоснован, неиздржан и непотребен. Исто така, минатиот пат кажав дека за овој факултет можеби најисправно за да се дозволи да биде референдум во Република Македонија да си го кажа граѓаните својот глас, затоа што тоа се средства, а тие средства се од џебовите на граѓаните па према тоа можеби најдобро ќе беше да го кажат гласот, граѓаните на овој референдум и према тоа можеби немаше да се створат вакви услови да се драматизираат овие проблеми кои ги водиме веќе доста време во Парламентот.

Но имено, сега и пак ако ми дозволува времето ќе се задржам за некои проблеми кои вистина не е основан, не е потребен овој универзитет. Во мојот говор ќе се осврнам на некои аспекти или клучни прашања кои се директно аспектирани кон прашањето за легализација на малоречанскиот парауниверзитет. Најнапред како дилема кај нас се јавува прашањето за постоењето, односно непостоењето на соодветен простор во кој ќе се изведува наставата на овој парауниверзитет. Моментално се наоѓаме во состојба во која никој, ама баш никој во државата не е на чисто со прашањето каде овој парауниверзитет ќе изведува настава. Знаеме со сигурност само едно. Овој парауниверзитет е моментално сместен во Тутунскиот комбинат во Тетово, приватна сопственост на повеќе лица, узурпиран имот на најгруб можен начин, со оружје и во исто време уште неколку други објекти кои или се окупирани или во секој момент може да бидат насила одземени. Што се однесува до насила одземените простории на Тутунскиот комбинат тие најмалку може да му припаѓаат на овој парауниверзитет. Државата во овој случај наместо да покаже на дело дека навистина сака да спрвоеде владеење на правото и правна држава, наместо да ги спроведе законите и да го заштити правото на сопственост, таа се става во позиција на заштнитник на криминалците или најпрецисно кажано илегалците кои бесправно држат во окупација државна односно приватна сопственост. Во случајов пошто знаеме дека за да ги исполнува соодветните услови, овој парауниверзитет треба да има дополнителни работни услови, а се раѓа уште една дилема. Дали овој парауниверзитет има било какви услови за работа. Одговорот е јасен. Нема. Затоа што и самата градба која се наоѓа во селото Мала Речица е дивоградба.

Повелете господо од СДСМ кои многу пати досега ја повторивте вашата желба за правна држава а во интерес на веќе започнатата постапка на рушење на дивоградбите да ја спроведете вашата политика и срушете ја оваа дивоградба. Знам што ќе одговорите. Таа нема да биде срушена поради тоа што е во сопственост на албанци, доколу оваа дивоградба беше во сопственост на македонец, сигурно ќе беше срушена.

Понатаму, со сигурност можеме да кажеме дека за целта на исполнување на просторните стандарди ДУИ сами на СДСМ ќе најде некој од своите членови кои сигурно веќе се раздолжувал и веќе окупира некој друг објект во Тетово, или некој друг град.

По најавите на некои структури во Тетово, дека во Тетово се формираат и други факултети, а воедно Медицински факултет дали некој е спремен да ми одговори дали воопшто имате идеја кои лица ќе бидат професори на овој факултет.

Пред неколку дена господинот Бучковски изјави за Медицинскиот факултет дека ова е уште една приватна забава. Колку забави изорганизираа луѓе во Тетово не е ни чудо што имаме толку пукања. Знаете како е. Кога ќе се опушти атмосферата и кога расположената маса доследно ќе прослави за испукување на некој рафал значи не само што нема соодветни простории можеме да заклучиме дека нема и соодветен наставен кадар. А можеби и има. Сега дури ми станува јасно зошто СДСМ и ЛДП толку упорно инсистираат за овој парауниверзитет, затоа што сигурно ќе бидат професори на овој парауниверзитет. Цврсто поврзано со ова прашање е и прашањето за финансирасњето на овој парауниверзитет.

Владата предвидела и буџески средства за овој парауниверзитет. Незнам од каде толкава сигурност кај Владата дека треба однапред да предвиди средства во Буџетот за овој парауниверзитет. Дали господинот Црвенковски како премиер и господинот Никола Поповски, како министер за финансии и останатите мислеа дека така лесно ќе се легализира овој парауниверзитет.

Една работа е јасна. Овие два-три милиони евра од Буџетот се предвидени само за плати на професорите и администрацијата на овој парауниверзитет. Господа, колку ли само уште средства се потребни за целосно спроведување на овој закон. Уште колку милиони евра се потребни за нови простории, целосно опремување на тие простории и што ли уште не. Како ќе им објасните на граѓаните во Република Македонија кои ги отпуштивте, кои немаат ниту сто денари на ден за да преживеат, како ќе им објасните на земјоделците, на тутунарите, на стечајците, студентите и бескрајна редица на други граѓани за кои нема пари, а одеднаш има пари за некоја илегална институција. Нема одговор на ова прашање, затоа што тоа е најсрамното решение кое можеше Владата на Црвенковски да му го предложи на Парламентот.

Ме изненадува уште една работа. Како за толку една расправа не најде за доблест господинот Бранко Црвенковски да дојде во Собранието и пред пратениците, а во прв ред пред своите пратеници да објасни зошто треба да се гласа овој закон. Повторно се крие и што е најинтересно ниту еден медиум не успеа да собере сили и јавно да го праша премиерот Црвенковски која е цената што треба да се плати доколку овој закон не биде изгласан. Цената е јасна господине Црвенковски, а тоа е распаѓање на коалицијата. Зарем послатка ви е власта отколку

другите интереси. Очигледно е дека е така. Се вели дека со изгласувањето на овој закон ќе се решело прашањето по однос на прблемот на високото образование на албанците во Македонија. Не господа, пршањето е од поодамна решено. За таа цел беше основан универзитетот на Југоисточна Европа. Со оснивањето на овој универзитет, кој беше силно поддржан од страна на Меѓународната заедница, успешно решен проблемот со високото образование на албанците во Македонија. Во овој универзитет беше доволно инвестирано, а и понатаму ќе биде инвестирање. Само за еден податок да кажам. Ако земеме државната квота  изнесува околу 5500 студенти, тогаш за студентите припадници на албанската заедница се обезбедени 1300 места годишно. Од тие обезбедени места тие не  искористуваат ниту една третина. На оваа бројка од 1300 места во државната квота треба да ги дадеме местата што се обезбедени на Педагошкиот факултет, Филолошкиот факултет, Драмскиот факултет, што изнесува околу 200. Така за универзитетот за Југоисточна Европа во Тетово Штуловиот универзитет остануваат само 100 студенти, иако нејговиот капацитет е преку 1000-2000 студенти. Или обратно. Штуловиот универзитет може да се исполнат местата, но остануваат празни на  државинте универзитети.

Затоа вие господа претатавници од СДСМ за да ги оставите амбициите и апетитите за можни интереси и фотељи сите да внимавате како ќе гласате по ова прашање и по вакви слични прашања. Сочувајте ја државата, историјата и народот оти ќе не осуди. На народот веќе му е јасно што се случува и што треба да се работи. Проверете го барем за момент чувството за патриотизам и националното во себе. Немојте да дозволите да си ја изгубите државата кој сака нека биде и кој сака нека се договара партиски. Ова е крајно време кога треба сите да се освестиме, зошто доколку не биде така, ние кога ни било најтешко сме ја сочувале државата, а сега кога ја имаме во раце да ја губиме и изгубиме полека нема да дозволиме.

Јас како пратеник од ВМРО-ДПМНЕ јасно кажувам дека и сега и за сите вакви грешни чекори ќе гласам против, но сакам и господата македонски претсатвници од другите партии да гласаат поединечно за секој да видам кој како ќе гласа и да видам кој со своите два прста ќе прави чекори за да ја предаде својата држава.

Исто така сакам да напоменам дека и нашата партија ВМРО-ДПМНЕ ќе ги поддржи овие предлози, но исто така сакам да кажам дека и одговорот на колешката Којзеклиска, се согласувам со него, но сакам некој да дообјасни некои работи за овие цифри кои ги напоменав.

Јас господа уште еднаш ви кажувам дека како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласам против овие чекори кои се спроведуваат на Коалцијата СДСМ-ДУИ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Србиновски.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска, а нека се подготви пратеникот Слободан Чашуле.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Во досегашната расправа по повод Предлогот за донесување закон за основање државен универзитет во Тетово и на овие две претходни седници, и на претходната седница таканаречена маратонска на која се разгледуваше овој предлог сеуште ниту министерот за образование и наука, ниту колегите пратеници од позицијата освен со исклучок на двајца, тројца никој од нив не изнесе цврст аргумент и неоспорен аргумент од потребата за донесување на овој закон односно од потребата за основање на државен универзитет во Тетово. Со ова уште еднаш се потврдуваат сите мои претпоставки дека овој предлог е всушност политички договор меѓу СДСМ и ДУИ, нешто што досега од оваа говорница беше кажано можеби илјада пати.

Исто така неможам да се изначудам на крајно безобразно изведениот маневар од страна на Владата на Република Македонија со повлекување на овој предлог, па негово повторно ставање на дневен ред се со една цел да се донесе овој закон за основање на државен универзитет во Тетово.

Со ваквата постапка Владата на Република Македонија на неверојатно дрзок начин манипулира и со граѓаните и со јавноста и со пратениците од позицијата и со македонците и со албанците кои живеат во Република Македонија форсирајќи го овој предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово како нешто од пшто на сите нас ни зависи животот. Со толку голема емотивна енергија се предлага овој закон што навистина доаѓаме до заклучок дека на нас ни зависи животот, па можеби ни зависи, незнам.

Сведоци сме за ова, или уште една потврда на ова е кога на претходната седница пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ имаше предлог декларацијата за поддршка на Светиот архиерејски синод на МПЦ да биде ставена како прва точка, меѓутоа позицијата даде силен отпор во Парламентот и другите предлози кои беа

ставани се се одеше со  една цел оваа точка да остане прва точка на дневен ред на оваа седница.

Сите сме сводоци дека постојано колегите од ДУИ  интензивно и фанатички го бранат овој предлог, што со реплики, што со нивни дискусии и претходните денови кога траеше маратонската расправа и сега, што претставува нормална реакција со оглед на фактот дека тоа е она главното кое им го ветија на нивните избирачи, значи легализација на тетовскиот универзитет, а исто така нормално е затоа што, како што рече еден од пратениците на ДУИ тоа бил нивни универзитет.

ВМРО-ДПМНЕ во сите свои дискусии укажуваше на следните работи.

Прво, укажуваше на непочитување на постапката, целосна постапка согласно Законот за високо образование, иако некои од колегите упорно тврдат дека ова било во согласност со законот.

Понатаму укажуваше на неоснованоста на овој предлог пред се во Рамковниот договор.

Укажуваше на неквалитетот во образованието што продуцира само квантитет и укажуваше на веќе решениот проблем со високото образование на албанците, што истовремено значи и нудење на решение и конечно решавање и ставање ад акта на образованието, високото образование на албанците на нивни мајчин јазик. Токму со универзитетот на југоисточна Европа тој исти универзитет значи да почне да се финансира од Буџетот на Република Македонија, но истовремено ВМРО-ДПМНЕ укажуваше и на многу други неправилности, меѓутоа некако тие неправилности не доаѓаа до колегите од позицијата. Секој интелектуалец, повторувам значи, секој интелектуалец, овие изнесени ставови на опозицијата ќе ги разбере во позитивна насока, а не како што колегите од позицијата се трудат да кажат дека тие биле негативно насочени и дека македонците имаат нешто против високото образование на албанците на нивен мајчин јазик.

Најважно нешто што никој од колегите албанци не сака да го разбере или не го разбира, незнам е проблемот на албанците за стекнување на високо образование на свој мајчин јазик нема да се реши со овој предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово, целосно, значи тој ќе се реши само делумно. И албанците на крај сепак нема да ја добијат онаа положба која што им припаѓа за кое нешто најодговорно ќе биде токму Владата на Република Македонија преку нејзиние небулозни решенија конкретно со овој предлог. Ова го велам од причини што ако тие се сметаат за граѓани на Република Македонија, ако тие сеуште се за унитарна Македонија, ако размислуваат за иднината на Република Македонија

и нејзиниот влез во Европската Унија и во НАТО алијансата, тие сепак ги прават погрешните чекори со затварање на албанците, ова еднаш го имам кажано, меѓутоа обврска ми е да го кажам уште еднаш, значи затварање на албанците во кругот на овој парауниверзитет, така што нивната комуникација ќе се одвива исклучиво во рамките на тој парауниверзитет, што доведува секако до нивна изолација во однос на нивните колеги од другите заедници и на македонците.

Почитувани колеги,постојат аргументи кои одат во прилог на моето тврдо спротивставување да гласам за овој предлог на Владата. Сите вие сте сведоци, само ќе ве потсетам на неколку факти. Со сигурност можам да тврдам и тврдам дека со формирањето на овој таканаречен малоречанки парауниверзитет тој стана место со оглед на времето кога се формираше, место за ширење на антимакедонизмот и каде се врши силна индоктринација на младите албанци како би можеле тие албанци никогаш или се учат тие албанци никогаш да не можат да живеат заедно со македонците. Идеолошката потпора на која сето ова настана беше тврдењето дека на македонските албанци им било оневозможено високото образование во Република Македонија поткрепено со фактот дека тоа образование било само на македонски јазик, а тие ете не го знаеле официјалниот македонски јазик па морале да учат на свој мајчин јазик. Затоа беа обвинети почитувани колеги репресивните македонци и репресивната македонска држава која имала план да ги оневозможи правата на етничките малцинства во државата, а посебно на албанското малцинство. Ама вистината е сосема друга. Република Македонија обезбеди високо ниво на малцинските права, приближно или дури и над европските стандарди според меѓународните институции и извештаите на меѓународните институции, стана лидер во процесот на остварувње на малцинските права на процесот на југоисточна Европа. Значи и прашањето околу етничките права е депласирано, освен ако зад превезот на правата не се кријат некои други многу пострашни барања во врска со иднината на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате само уште една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Примерот на Мала Речица покажува дека секоја институција во Република Македонија може да прерасне во државна институција, само доколку имаме силна политичка поддршка.

Почитувани пратеници, што треба да сториме по однос на малоречанскиот универзитет. Кон каде треба да го насочиме погледите на нашата

иднина. Едно е јасно, доколку законот помине во Собранието, кај нас ќе се појави сликата за иднината на Република Македонија. Доколку пак Владата е искрена во намерите ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска, благодарам.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Господине претседателе, имам уште една реченица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете за една реченица.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Доколку Владата е искрена во намерата да се зачува унитарна, мирна и просперитетна Македонија, тогаш премиерот уште еднаш треба јасно да им предочи на сите субјекти дека македонската страна ги заврши обврските од Рамковниот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука е точката на таа реченица и завршена е реченицата.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Многу важна реченица и ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Слободан Чашуле, а нека се подготви пратеникот Љупчо Балковски.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, господине министре,

Дозволете најнапред една мала дигресија која мислам дека дава една вистинска слика што се случува овие неколку седници по повод формирањето на државен универзитет во Тетово. Го ставивме на тест со својата демократичност и тој издржа барем во онаа смисла да не се претвори дебатат во нешто несакано каде што има во парламенти со постара демократија од нашата. Покажа дека исто така, над него треба да седнеме, да размислиме и тоа не е лошо. Дебатата беше тест и на политичките договори. Дебатата исто така беше тест за нечие домашно воспитување и јас мислам дека овие и други прашања кои заради ограниченото

време не би сакал сега да ги спомнувам и да ги трошам, ги положивме зависно од кое и да е прашање, со различни оценки од обично до едвај задоволителна, но ги поминавме. Но, имам впечаток дека паѓаме на една тема, а таа ги вкрстува сите, а тоа е ја промашивме темата. Длабоко сум убеден во тоа дека во Република Македонија етнички или проблем со етнички предзнак за образованието нема. Образованието општо земено има и заслужува сериозно зафаќање со него. Но, прашањето за високо образование на граѓаните од албанско етничко потекло нема проблем, како и образование. Тоа е кодифицирано со Уставот каде што е вграден Рамковниот договор и има многу широки рамки со Законот за високо образование во неговата изворна верзија и во верзијата која беше со амандмани дотерана да соодветствува на најновиот развој на нашето општество и држава. Имаме проблем со една творба од Тетово. Некој ќе рече дека е навредливо дека од Мала Речица е навредливо, но никој не сака да каже малку повеќе за навредата со нејзиното создавање што му се нанасе на Законот, на редот и поредокот и на владеењето на правото на македонската демократија, која морам да кажам, и низ ова парламентарно свикување покажува извонредна издржливост и можност негативните енергии кои одредени делби и грешки во нашето општество ги создаваат да ги хармонизираат во оваа сала и тоа е добро. Значи, ние имаме проблем со нешто што заради компромис, за да не предизвикуваме непотребно вжештување на една многу нервозна атмосфера го нарекуваме граѓанска иницијатива. Треба да решиме што ќе правиме со неа и овде се развиваат без намера да рекапитулирам две тези. Едната е дека со оглед на тоа што дека образованието има проблеми и треба да го решаваме до тоа дека во Мала Речица и универзитетот таму во Тетово имаме подобри решенија. И другото е во прашање дека е политички договор кој е доста конфузен. Законот е навистина краток и во многу работи заради заедничките проблеми во високото образование недоречен и оттаму треба да се протурка така како што е, заради тоа што со себе носи слоеви на политичка моќ, влијание, па дури и тест на еден поширок политички договор произлезен од изборите 2002 година, што е сосема легитимно.

Меѓутоа, јас не би сакал сега заради судирот на овие две позиции и тези да настрада нешто пострашно, е тоа е кревката меѓуетничка рамнотежа и обидот од македонското општество, да не правиме двонационално, туку да направиме мултикултура која е единствениот спас за опстанокот на оваа држава, заради тоа што ако ја подриеме преку еден навистина опасен, су ништо несакан и со ништо непредизвикан конфликт на двете најголеми заедници во неа, што е важно кој

ќе биде свој на своето и каде ќе биде тоа кога заедничката држава која може да биде пример на Балканот и другаде во Европа, каде што има слични проблеми може да се хармонизираат интересите на граѓаните и како граѓански да бидат ставени на прв план.

Ова што го правиме во Тетово, или што се обидуваме да го направиме со овој закон, не го решава проблемот. Напротив, оди во правецот на негово продлабочување, оди во правецот на зголемена антагонизација и оди во правецот не на интегрирање на нашето мултикултурно општество, туку на негово натамошно сегрегирање, почнувајќи од културно, научно и на крајот и лингвистичко. Ќе се доведеме во ситуација ако не работиме на таа тема до потстанарско или состанарско можеби е најдобриот израз, живеење во една држава во која секој во својата соба ќе биде свој на своето, ќе одбегнуваме да се гледаме во ходникот, заради тоа што не ќе знаеме да си кажеме добар ден, бидејќи не си ги познаваме јазиците. Тоа не е решение. Не си ги познаваме јазиците, не си ја познаваме културата и не си го познаваме научниот капацитет, кој кај едните и кај другите и кај сите во оваа држава е надпросечно висок. И тука некој употреби некој тежок збор кој ми жежи, ќе живееме во еманципирани гета. Тие сепак ќе бидат гета и ние сепак ќе бидеме поделени.

Според тоа, со оглед на тоа што јас сум приврзаник на тезата дека треба да го рециклираме целото високо образование, бидејќи сум приврзаник на тезата дека ние со високото образование, надвор од другите проблеми етнички проблем немаме, кога се во прашање граѓаните од етничко албанско потекло, велам дајте да го решиме проблемот кој навистина е проблем, а тоа е што со универзитетот за едни во Тетово, за други е див, за трети е Мала Речица. Тука е проблемот. Сето ова безполезно се поправа. На крај, во рекапитулацијата ќе биде многу пополезно расправање се врти околу ова круцијална за мене. Тука веќе не станува збор дали јас како македонец сакам на децата на моите колеги, граѓани на Република Македонија од албанско потекло да им го оспорам правото на образование. Напротив, сакам да им помогнам да им биде на уште пивисоко ниво. Туку се работи како да не дозволиме нешто што е од политичка конјуктура заради тоа што се позајмуваше за контрола, заради тоа што се позајмуваше за манипулација до Законот за високо образование да го отстраниме од нашето општество и да почнеме да го градиме интегративни облици на образование за да направиме од Македонија не двонационална, тронационална, туку мултикултурна заедница на рамноправни и слободни граѓани. И не треба да се биде далекувид и да

се бара решението, затоа што тоа е тука, а за светот е и топла вода, само што нас очигледно топла вода секогаш најдоцна не огрева, најверојатно бидејќи не сакаме, зафатени со своите етнички и идеолошки шанси да погледнеме на решенијата кои се навистина интегратитивни, човекољубиви и екуменски. Ако можеме со овој закон господине министре да овозможиме како што тоа се бара овде во дебатата и како што имплицитно во политичкиот договор стои делумно или постепено интегрирање на студентите, сега правам дистинкција затоа што се тоа два универзитета, едниот во Мала Речица, а другиот незнам каде. Ако треба, тие од Мала Речица да ги интегрираме во овој нов универзитет, значи граѓанската иницијатива постепено, најпрвин со неколку, а потоа со сите студенти а потоа и со други високообразовни институции да ја направиме државна, зошто тоа не можеме да го направиме навистина на ист начин со една друга приватна граѓанска, европска, јас се гордеам што е европска, што во времето на нејзиното создавање имав влијание и помогнав да се фундира, а тоа е Вандел Штуловиот универзитет, или универзитетот на Југоисточна Европа, каде што да, јас ја разликувам идејата на приватност, како што ја разликувам идејата на иницијатива приватна и во другиот облик за високо образование во Тетово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршете ја реченицата господине Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Значи, пледирам за следново. Да го повлечеме овој закон, да направиме закон сличен, или ист кој ќе даде можност, како што дава можност ова да го интегрираме, да го интегрираме Вандел Штуловиот универзитет да стане како и оваа приватна иницијатива државен, заедно со Европа државата да ги инвестира тука парите на сите студенти што сакаат да студираат таму, а има место да се овозможи да го остварат тоа свое со Уставот загарантирано право, која нашата коалиција го преточи во Закон кога беше на власт.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува пратеникот Хусеин Хусеинџеват.

ХУСЕИН ХУСЕИНЏЕВАТ:

Мене ме чуди дискусијата на господинот Чашуле. Некој ми се прикажал како вистински Фарисеј, но мислам дека е така вистина. Може да имаат и други господа проблеми со концептот на модерниот патриотизам, но не и вие. Мислам дека патриотизмот не е тој поранешниот уништи ја Картагина. Но патриотизмот се мери колку му помагаш на другиот, на твојот близок. Ова е патриотизам кој треба да го имате и кој ни го импонира и Европа во која толку многу вие сакате да одиме и ние заедно со вас. Вие се трудите вашата елоквенција да ја употребите како една амбалажа на латинската изрека “мели норе фелин корде” која значи “мед во устата, а отров во душата”. Но ние не ви веруваме поради овие причини. Вие сте тој што во колумната во Дневник предвидувавте и предлагавте на Европската заедница солуција на една држава, како проблематична држава за Балканот. Само да не биде албанска држава, Балканот ќе има мир, додека албанците не ги признававте како народ, туку како племиња. И за оваа тешка навреда ние и на албанците било каде што се наоѓаат, не сум прочитал дека сте се извиниле.  А извинување барате за многу мали работи. Оваа е една тешка навреда за албанскиот народ. Исто така, вие предвидувавте, а вашите предвидувања не се реализираа уништување на Македонија, пишувавте и реквиеми за Македонија, но по тие написи се именувавте за министер за надворешни работи и сигурно вие тој брод кој пловеше во опасни води и со кој ја именуваме Македонија, можеби вие и ја спасивте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Привршувајте господине Хусеинџеват.

ХУСЕИН ХУСЕИНЏЕВАТ:

Со оглед на тоа дека неможевте да го разрешите од факторот албанец, вие го разрешивте од милиони марки. Но оваа работа ја направите со еден многу вистински патриотизам. Но да ја кажеме вистината, вие не бевте најголем патриот во оваа насока. Имаше и други патриоти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Изминаа три минути.

Повелете господине Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ :

Благодарам за зборот господине претседателе.

Не ви благодарам за фактот што една реплика која немаше врска со темата, како што тоа го правевте во други прилики, не го направивте сега.

Господине мој, сите грешиме во животот. Јас сум исто толку грешен колку сте и вие. Додека јас пишував, вие пукавте. Вас ве амнестираа, па претпоставувам сите ние што бевме на другата страна, за да може вашата амнестија да биде делотворна и да седиме овде да се почитуваме, треба да се пренесе и на нас што си ја браневме државата. Друг пат кога ги читате моите колумни убаво прочитајтеги. Јас реков ако барате ревизија на Република Македонија и ако барате ревизија на Србија и Црна Гора, неминовно, не заради тоа што јас го сакам тоа, туку заради тоа што така е распоредот на силите во овој свет, ќе дојде и до ревизија на Албанија која ќе ја делат по племенски линии.

Гспода, јас и овде не сум Фарисеј. Фарисеј е тој што при пет албански министри во Владата на Република Македонија при реформски закони, при интегрирано општество зеде пушка и застана да пука, а јас го почитувам овде дека го избрале граѓани и дека е пратеник и никој од вас не сум навредил. А вие господине претседателе водете сметка што ви се случува на седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Чашуле, сами рековте демократија е овдека некои работи во Парламентот да се разјаснат. Ве молам, ја прифаќам вашата забелешка.

Господинот Исни Шаќири има реплика.

ИСНИ ШАЌИРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Иако во овој случај господинот Чашуле спомна нешто што за Македонија е многу болно за сите нејзини граѓани, господин Чашуле иако се обидувате да презентирате да речам еден капитал на интелегенцијата за што вие претендирате, сите македонци не се сите тука од вашата опозиција, кога се зборува за 2001 година спомнувате вооружени истрели, тие кои што беа на власт во ова време треба да се срамат пред овој народ, а особено пред народот на Општина Липково.

(Во салата се слуша реакција од место)

Ве молам да се сослушаме, па потоа имате право да излезете, бидејќи носите голема вина за сите граѓани на Република Македонија, поготово вие кога бевте на власт. Ве молам, само да завршам. Јас му реплицирам на дискусијата на

господинот Чашуле. Имам право по Деловникот три минути и тоа дозволете да го искористам. Ве молам господине претседателе, направете услови за да можам да ја завршам репликата. Бидејќи подолго време се дискутира од голем број на пратеници се спомнува тој период. Да ви речам сите кои што беа во Владата на Република Македонија во тоа време, и кои што стрелаа врз својот народ со гранати, тие имаат одговорност, а тие што неиспаливме ниту еден куршум, јас сакам да ви кажам кој треба да сноси одговорност за оваа држава. Тие што ги бранеа праговите на своите куќи, или тие кои пукаа на своите граѓани. Таа одговорност ја имате вие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Трите минути завршија.

Повелете господине Балковски.

Нека се подготви господинот Чедомир Краљевски. Ве молам реплики само во рамките на ставовите. Никакви други политички екскурзии.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, јас морам прво да реагирам на излагањето и репликата на господинот Шаќири, затоа што да не заборавиме дека и тој беше претставник на минатото Собрание, меѓутоа, во одреден момент го напушти Собранието и со пушка во рака отиде да се бори против оваа држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Држете се за темата, господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Дали г-динот Шакири се држеше за темата, г-дине претседателе? Зошто не го опоменавте?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас го опоменав и него.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Зошто не го опоменавте него, туку не опоменувате секогаш  нас македонски пратеници, безразлика дали се од опозицијата или позицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви поминува времето од 10 минути.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Сакам на почетокот да кажам и еве се потврди и сега тоа со репликата на пратеникот Шакири, затоа што тој и во минатиот состав беше пратеник, а потоа беше член на УЧК и ОНА и ова е јавно, сакам тоа да го знае, а тоа е фактот дека на оваа седница требаше да разговараме за многу позначајни теми, закони и одлуки, а не прва точка да ни биде признавањето на малоречанскиот универзитет, легализација или како што сега го нарекува Валдата основање на нов државен универзитет, затоа што многу позначајно е да се даде како прва точка на дневен ред подршка на Македонската православна црква, многу позначајно е како втора точка да биде барање за членство во ЕУ, многу позначајно е како третат точка да биде низата од закони за децентрализација, отколку прва точка на дневен ред да биде признавањето на Тетовскиот универзитет или основање на државен универзитет.

Кога сум веќе овде, сакам да кажам дека можеби сит еовие закони и одлуки што ги наведов се условени во владината коалиција меѓу макеоднскиот дел и албанскиот дел од донесувањето на овој закон и затоа можеби на макеоднскиот дел од владината коалиција е значаен овој закон затоа што се условени од условот што го дава ДУИ, прво да се изгласа малоречанскиот универзитет, а потоа да одиме во гласање, подршка и одлуки на сите други значајни работи што се за макеоднскиот народ во Република Македонија. Меѓутоа, така се одлучи, сега расправаме за ова, ограничување имаме во дискусиите, ќе се задржиме на тоа што е во овој дневен ред.

Почитуван министре, сите аргументи што ги кажавме во нашата исцрпувачка дискусија неколку денови, денонокна, што ни ја овозможи претседателот на Собранието, на некој начин се виде дека не допреја до нас, не сакавте да прифатите ни еден аргумент. Тоа се гледа од фактот што истиот Предлог закон, буквално истиот Предлог закон, го повлековте за да се ограничи дискусијата, а не заради аргументите што се кажувани и сега истиот закон го предлагате на денешната седница на Републичкото Собрание.

Бидејки е така, имаме две можности, односно се добиваат две ситуации, а тоа е макеоднскиот дел од владината коалиција овој Предлог закон да го брани со основање државен универзитет, односно гледа во иднината како би се решиле работите во високото образование во иднина. Додека албанскиод дел од владината коалиција со овој Предлог закон кажува дека се решава минатото, односно се легализира малоречанскиот универзитет, односно вашиот универзитет како што вие

го нарековте во петокот. Ако е тоа така, треба да се одговори навистина што значи овој Предлог закон , дали основање нов државен универзитет - ако е тоа така, тоа нема да биде баш; дали легализација на малоречанскиот универзитет - ако е тоа така нема да биде државен универзитет. Значи макеоднкста јавност, народот треба да знае што значи овој Предлог закон. Не сакам да елаборирам, затоа што имаме 10 минути, меѓутоа ќе ви поставам неколку прашања, ако сакате можете да одговорите, меѓутоа јавноста го чека тоа.

Прво, во член 1 се кажува дека се основа универзитет во Тетово со 5 факултети: Природно математички, Економски, Правен, Хуманистички науки и Високополитехничка школа. Одговорете дали ќе се легализираат и останатите факлутети од малоречанскиот универзитет, односно што ќе се гради со нив.

Второ, во членот 2 се кажува дека седиштето на универзитетот ќе биде во Тетово. На јавноста и на народот кажете ја адресата каде ќе биде сместен тој универзитет, дали тоа ќе биде во, со оружје заземениот простор во Тетово или на некое друго место.

Член 3 - се кажува дека овој универзитет ќе почне со работа откако матичната комисија ќе го одобри тоа, меѓутоа, ве прашувам дали ги земавте предвид сите размислувања од Ректоратот на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”, затоа што таа седница беше одржана на 23.12.2003 година, значи после сите тие дискусии што ги имавме ние, затоа што таму децидно во точка 1 се кажува дека Ректоратот на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” го дава револтот, го изразува револтот на ваков начин на организирање нов универзитет во Република Македонија , каде што универзитет не се создава врз етнички, политички и национални и партиски работи, односно дека се создава врз образовни и научни дејности.

Во членот 4, каде што се кажува за финансирање на универзитетот, молам да одговорит еод кои средства и дали тие средства, меѓутоа, не само декларативно дека тоа нема да се одрази врз работата на другите универзитети во Република Македонија , средствата ги имаат обезбедено, тоа го кажа и министерот за финансии г-динот Поповски дека средства се обезбедени, а законот не е донесен, тоа го нема никаде досега направено во овие години во Република Македонија кога се носи буџетот, средствата да се обезбедени врз непостоечки закон, меѓутоа, и тоа помина. Сега дали тие средства што ги земата од целокупното образование ќе се одрази на работата на постојнит еуниверзитети во Република Македонија. Меѓутоа, аргументирано, а не само со една или две реченици дек атоа нема да се одрази. И те како ќе се одрази тоа, меѓутоа, врз основ ана што ја имате направено таа

финансиска анализа и конструкција, затоа што тоа го кажува во мислењето и Ректоратот на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во некои точки од нивното мислење. Тоа беше член 4 во Предлог законот за основање нов универзитет или Предлог законот за легализација на малоречанскиот универзитет.

И последно, во членот 5 каде што се кажува дека студентите кои ја посетуваат наставата на граѓанската иницијатива во малоречанскиот универзитет, а која е таа граѓанска иницијатива навистина треба да се одговори, затоа што граѓанска иницијатива на универзитет со албанско знаме пред тој малоречански и див универзитет мислам дека нема потреба да се објаснува што значи тоа, дали е граѓански универзитет или некоја друга иницијатива, и за тоа треба да се одговори. И се кажува дека врз основа на член 198 од Законот за високо образование ќе се реши нивниот статус на дипломи. Прашањето е зошто тоа не се реши согласно универзитетите односно факултетите во Република Македонија, односно предлогот што го дава ректоратот на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”. И дали оваа граѓанска иницијатива, по ваше или основањето или легализацијата на малоречанскиот универзитет, односно морам и трет назив да употребам, организирањето на државниот универзитет во Тетово -а ко ни го кажете седиштето и ако ни го кажете името, тоа треба да го знаеме, едноставно ќе дозволите како и сега на тој државен универзитет сеуште и како државен универзитет да се вее албанското знаме. Овие рпашања бидјеки дискусијата ни беше ограничена, треба да ги знаеме, треба да ги знае јавноста, треба да ги знае народот во Република Македонија и конечно треба да ги знаеме ние овде, затоа што како пратеници, без разлика дали ќе гласаме против или ќе гласаме - макеоднскиот дел од владината коалиција ќе гласа за овој закон затоа штоочигледно е условена од вашиот предлог за основање на овој државен универзитет, бидејки престојат многу позначајни закони за Република Македонија , треба да се знае. Ако се работеше за студентите, во интерес на науката, во интерес на образованието, јас го дадов предлогот и минатиот пат, и сега го давам, требаше заедно со Вандер Штуловиот универзитет во Тетово да направите финансиска конструкција и тие пари требаше да ги вложите таму заради интерес на сите студенти што студираат на тој универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г-динот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ќе се искажам во врска со ставовите што бе аизнесени. Жалам што на претходниот говорник му го заборавив името, но се занимава со некои прашања кои не се на дневен ред, денес г-дине претседателе, нека излезе г-динот кој зборуваше и нека каже на кое место од Предлог законов се зборува за објекти. Еве, го поканувам јавно, станува збор за објектот во кој ќе се студира, нека каже во кој дел на Предлог законот што е денес на дневен ред станува збор за тие прашања.

Јас ќе го упатам г-динот да го види проектот за основањето на државниот универзитет во Тетово во кој се зборува за објектот и нека види за кој објект станува збор. Ова е и целта на оваа Влада и ова минситерство за да го регулира прашањето што треба да се регулира или за да се регулира тоа што го викаме фактичка состојба. Во континуитет зборувате за квалитетот, заборавајки еден друг факт: Квалитетот е во надлежност на тоа што се вика акредитивен совет, тој треба да го разгледа ова прашање , дали ќе има или нема да има.

Трето, г-дине , зборувате за основање или легализирање. Видете го членот 33 од Законот за високо образование. Образовните институции ги основа Собранието. Малку повеќе треба да обрнете внимание на Законот за високо образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика за г-динот Љупчо Балковски, повелете.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван пратенику, не требаше вие да ми одговарате на овие прашања, затоа што прашањата ги поставив до министерот на Владата, меѓутоа, бидејки воој универзитет го нарековте ваш универзитет, можеби можам и на вас да ви одговорам и можам и на вас да ви ги поставам истите прашања.

Во член 2 од овој Предлог закон пишува дека седиштето на универзитетот е во Тетово. Кажете каде. Значи кажете адреса каде ќе биде тој универзитет.

И второ, Советот за акредитација даде негативно мислење. Тоа не сакате да го признаете, меѓутоа, видете и прочитајте што кажа претседателот на тој Совет за акредитација така да после ќе можеме да разговараме аргументирано.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Краљевски, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани министри, колеги,

Можеби ништо ново нема да кажам во мојава дискусија, но би сакал и јас да го дадам мојот придонес во отпорот за донесувањето на овој и ваков закон за легаизација на Тетовскиот универзитет. Иако 10 минути, почитуван претседателе, за ограничена дискусија не даваат доволно простор и време за поширока елаборација на проблемот, сепак ќе се задржам накусо на неколку сегменти од овој , па веќе добива карактеристика на проблем.

Проблемот на насилство во меѓуетничките односи во Република Македонија е затворен со Рамковниот договор и сега сме во ек и процес на реализација на Рамковниот договор, чија крајна цел е воспоставување на стабилни меѓуетнички односи. Отука, спротивно на оваа констатација е изјавата на премиерот, која патем речено може да се прогласи за политички гаф на годината дека со признавањето на таканаречениот универзитет во Мала Речица ќе ги затвори сите проблеми со албанците во Република Македонија за  потоа истиот тој премиер конечно да се посвети на решавањето на проблемите во економијата. Тука само би потсетил дека веќе истекува половината од мандатот на оваа Влада, а сеуште не сме на почетокот на решавањето на економските проблеми. Овој исчекор надвор од Рамковниот договор, кој го направи премиерот, не го затвор апроблемот, туку напротив, отвора еден нов опасен проблем за во иднина, а тоа е проблемот на релавитизирање на Рамковниот договор и излегување од неговите рамки, што понатаму ќе мултиплицира и резултира со територијалната поделба и регионалицација надвор од секаква контрола, која албанската заедница во Република Македонија  може да ја искористи за федерализација на Република Македонија , што е чекор до ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Краљевски, ве молам, ако сме принципиелни и ако ми ставате забелешка, тогаш сите ќе ги прекинувам кои не зборуваат за законот.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Готово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За Рамковниот договор може да поставием точка на дневен ред да го дискутираме, ве молам.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Што е запишано во Рамковниот договор по однос на високото образование? Во точка 6 под точка 2 стои: финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование на јазиците на кои зборуваат најмалку 20% од населението во Република Македонија а врз основа на посебни спогодби. Оттука кога се употребува правниот институт спогодба, или договор, истиот подразбира постоење на страни, или институции што ќе го потпишат тој договор при што секако дека една од страните би била државата претставувана од Владата, односно министерот за образование. А втората страна е еден, или повеќе од веќе постојните универзитети. Државата би се обврзала да финансира, или кофинансира дејност на тие веќе постоечки универзитети, а пак втората страна потписник на таа спогодба би се обврзала да пружа услуги, односно да обезбеди услови, материјални услови и да едуцира кадри кои ќе произлезат од тие универзитети. Тоа е запишано во Рамковниот договор и ништо повеќе. Значи, уште еднаш да повторам, Владата според Рамковниот договор нема обврска за основање на универзитет на албански јазик. Со предложениот закон се изразува силна политичка волја кај СДСМ да се излезе во пресрет на ирационалните желби на коалициониот партнер ДУИ. Меѓутоа, ова признание на СДСМ дека законот за тетовскиот, или малоречанскиот универзитет е политичка одлука, а не објективизиран начин за подобрување на обемот и квалитетот на високото образование на албанската заедница во Република Македонија нема многу, или воопшто да им користи на граѓаните на Република Македонија, барем не на оние што редовно си ги плаќаат даноците бидејќи истите ќе треба да се подготват во тековната година да плаќаат за уште еден универзитет. Уште повеќе Владата не најде за сходно да каже колку чини таа политичка волја на СДСМ, или поточно колку ќе ги чини лојалните даночни обврзници за Тетово да стане најуниверзитетски град на планетава земја во сиромашната и жална Македонија. Не добивме објаснување од Владата ниту еден аргумент зошто граѓаните на Република Македонија треба да плаќаат за еден, два, три, четири или повеќе државни универзитети, со каков кадар и квалитет, основни средства, згради и простор и опрема располагаат и какви дипломци излегуваат, односно ќе излегуваат од тие клупи. На овој начин општо поддржаното право на припадниците на етничките заедници да можат да следат настава на својот јазик и во доменот на високото образование Владата го прави со упад во образовниот систем на високото образование во Република Македонија. И наместо образовна полза за оние за кои е наменет овој универзитет и секако за пошироката заедница истиот ќе продуцира

дневно политички, партиски ефекти и што е пострашно ќе отвори нови долгорочни проблеми од образовен, политички, меѓуетнички, економски и друг карактер кои проблеми ќе треба да ги решава некоја нова Влада. Прашањето на високото образование на припадниците на албанската заедница на нормативно - правен план во Република Македонија е апсолвирано со донесувањето на Законот за високо образование во 2000 година, кој патем речено е во согласност со меѓународните правни акти кои ги третираат образовните права на националните малцинства и во чија подготовка учествуваат сите соодветни институции на системот во Република Македонија. Беше консултиран високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ господинот Макс Ван Дер Штул, претставници на Советот на Европа и Европската унија. Врз основа на овој закон дефакто профукционира приватниот универзитет за Југоисточна Европа во Тетово. Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА со формирањето на универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово организиран на модерен начин со почитување на светските стандарди во образованието покажа дека има слух за потребите на високото образование на албанците во Република Македонија. Како што е познато таму студираат и македонци и припадници на сите други етнички заедници во Република Македонија што е извонреден индикатор за градење соживот и на целосна интеграција на сите етнички заедници во Македонија. Тука би потсетил дека на универзитетите во Скопје и Битола постојат повластени квоти за студии на припадниците на етничките заедници. И на крајот би заклучил, зарем не е порационално предвидените средства за работа на тетовскиот универзитет да се искористат за подобрување на материјалните можности на веќе функционирачкиот универзитет на Југоисточна Европа во Тетово кој во догледно време во договор, или спогодба со Владата, или некоја наредна влада би ја проширил дејноста со уште неколку факултети: медицински, фармацевтски, технички, се разбира според потребите на пошироката заедница и би се финансирал од Буџетот на Република Македонија, а на тој универзитет според позитивните законски прописи од областа на високото образование би се нашол модус за инкорпорирање на заведените студенти од малоречанскиот универзитет во легалниот образовен систем на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Агим Џелили има реплика.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван колега Крaљевски, вие сакате да ги дозирате, да ги намалите, а можеби и да ги контролирате правата во однос на високото образование како што го прави лекарот со своја терапија. Вие велите дека универзитетот во Тетово е пазарење меѓу СДСМ и ДУИ. Сакам да ви кажам дека интерес на еден народ не се продава на пазар. Тоа е родено во рамките на овој народ. Затоа ви сугерирам после сите овие големи дебати да фрлате прашина врз овој извор на знаење. На крајот на краиштата јас знам дека тоа не го посакувате, но навистина би било добро да не го попречувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Рафис Алити има реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Секако дека во врска со тоа што го рече господинот пратеник Крaљевски за цело време настојува да се фрли една прашина врз јавноста, било македонската, или албанската овде во нашава земја, дека со основањето на универзитетот на Југоисточна Европа е апсолвирано, или е затворено прашањето на високото образование да речам кај албанците и за другите заедници, затоа што туку не студираат само албанци. Но г. Чедомир Крaљевски треба да знае дека токму албанците се тие кои чувствуваат на своја кожа што значи приватен универзитет и државен универзитет. Така што нема потреба да ни се објасни тоа дека тоа било апсолвирано и дека е затворен овој проблем. Напротив, би сакал навистина да слушнам не само од Чедомир Крaљевски, но и од другите зошто тогаш ја поддржуваат идеата, варијантата дека треба да се повлече овој закон и универзитетот во Тетово да се прелее, или да помине кај универзитетот на Југоисточна Европа и да не се основа, или да не се донесе законот кој е денеска во Собранието, значи истиот да не се усвои. Мислам дека оваа цел, или ова настојување против основањето на тетовскиот универзитет парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ долго време се трудеше да го спречи со единствена цел и понатаму проблемот на високото образование на албанците да остане нерешено. Мислам дека оваа работа не е чесна првенствено од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Второ, вистина е дека во Охридскиот договор никаде не пишува дека Владата е обврзана да оснива универзитет. Но, никаде не пишува дека Владата ќе го спречи оснивањето на некој трет универзитет, четврт, петти, или шести.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Колега, во ниту еден момент од моите размисли и говорења не произлегува заклучокот дека кај мене биле превасходно некакви мотиви кои би ги крстел, од низок ранг, односно дека заради некакви политички поени сум инсистирал да не се донесе овој закон. За цело време во мојата дискусија провејуваат ноти дека основен критериум за решавање на прашањето на високото образование на албанците е рационалност, целисходност, економичност, а никако некаков политички инает, затоа што универзитетот на Југоисточна Европа бил формиран, односно Законот за високо образование е донесен во времето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Ѓорѓи Оровчанец:

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Долго време разговараме и долго време на некој начин бараме одговор и на многу прашања, и многу дилеми кои беа наметнати во ова Собрание по повод формирањето на тетовскиот универзитет, меѓутоа и покрај должината на целата оваа постапка, целиот овој процес ние сме сведоци дека одговори нема, дека имаме само отварање на нови и нови дилеми, или барање на нови проблеми кои што јас верувам премиерот Бранко Црвенковски нема да ги пика под тепих, како што ја пика економијата под тепих, а тоа е очигледен проблем, а овде го видел проблемот кој не смее да се пика под тепих, па ќе го реши. И наеднаш гледаме од сите дилеми кои се наметнуваат дека од еден т.н. проблем ќе произлезат многу, многу проблеми кои што во понатамошниот тек многу тешко ќе ги решиме и сето тоа се прави со еден цинизам, со едно лицемерие, една хипокризија. Зошто го зборувам ова, зошто е тоа лицемерие и хипокризија токму од СДСМ и исклучиво од СДСМ. На некој начин чувствувам и лутуна спрема сето тоа, затоа што тоа е најбезобзирно лажење на јавноста. Во 2000 година кога се носеше Законот за високото образование овде сите претставници кои што беа од сите партии исклучиво од албанските сите заедно врз база на сите седум декларации меѓународни, врз база на еден куп принципи беа за високото образование, промена на законот кој што беше работен во комисии во кои што учествуваа сите партии, меѓутоа на г. Ханџиски му беше забрането после тоа да оди во таа Комисија за образование како претставник на СДСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, бидејќи г. Ханџиски не е дел од Владата, се договоривме да не спомнуваме имиња.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Јас не кажав ништо погрдно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Генерално, затоа што некој после може и погрдно да се изрази, ако почнеме да спомнуваме имиња..

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

И што е лицемерието, каде е хипокризијата? СДСМ на ова Собрание излезе и кажа дека тој закон не може така да оди во 2000 година и ќе гласа воздржано, затоа што преку тој закон гледа легализација на малоречанскиот универзитет на мала врата. Сега гледаме некои капии кои што прават, не мали врати, туку не знам што, универзитет од нешто што сепак не е универзитет, сепак е тоа граѓанска иницијатива. Колку и да сакаме да ги оправдуваме некои елементи, не можеме поинаку да ги сватиме.

Друго симптоматично прашање е дали воопшто е апсолвирано прашањето на образованието на заедниците во Република Македонија. Јас сметам дека 2000 година и во еден еволутивен карактер, затоа што во Рамковниот договор високото образование не беше третирано, затоа што во тој момент беше дефинирано дека тоа прашање глобално е затворено, продискутирано, изанализирано бидејќи постојат решенија кои им се дадени. Токму од тие причини не беше предмет на дискусии во Рамковниот договор. И пак уште едно лицемерие, хипокризија. Во име на Рамковниот договор се излезе во Комисија за образование при првата постапка од страна на министерот да ни каже дека тоа произлегува од Рамковниот договор. Денеска слушаме од пратеникот од неговата партија од ДУИ дека тоа не произлегува од Рамковниот договор. Повторно лицемерие, повторна хипокризија. Дали е застапено образованието на заедницата на албанците во Македонија? На комисија министерот тврдеше дека се многу слабо застапени. Меѓутоа, анализите не покажуваат така. Што значи застапеност. Овде кажа господинот министер дека застапеноста значи дипломирање на одредени студенти во одредени области од 2,5% до 5%. Меѓутоа, дали е тоа тоа? Што значи застапеност. Можноста да му се

даде на некој да излезе пред високото образование и со своите способности, со својот труд да го валоризира на крај со една диплома. Дали при уписот се дискриминирани и не се застапени албанците во Република Македонија. За последните 15 години г. министер и колеги пратеници ПМФ каде што е и господинот Љупчо Јордановски професор, за изминатите 15 години просекот на запишани албанци на ПМФ е 15%, на Медицинскиот факултет достигнува и 17%. И тогаш вие ќе кажете дека нема правична застапеност и не знам што. Тоа не можете да го тврдите никако. А дали дипломирале и колку дипломирале, сепак тоа зависи од студентите, од нивните амбиции, од нивната волја и ред други работи. Овде се нафрлуваа и други прашања како им било на приватниот Штулов универзитет, кои се трошоците итн. Па знаете ли господа пратеници и господине министер дека за секој запишан семестар студентите на универзитетот Свети Кирил и Методиј мора на име на развој на високото образование да уплаќаат по 500 денари, минатиот семестар и сега за овој следниот што го запишуваат. Знаете ли колку се трошоците на студирање на државниот универзитет на студентите без разлика на која етничка заедница припаѓаат, која е квотата на тие што се субвенционирани од страна на државата, а другите на кој начин, со колку средства партиципираат за да го формираат своето образование. Тука не постои дискриминација како што вие сакате да кажете. И еден куп вакви работи кои што се чисто лицемерие. А на крај трагедијата да биде најголема и целата постапка за формирање на универзитет е наопаку. Наопаку се води и овде во оваа куќа која што треба да биде правиот филтер и да ги канализира на прав начин работите. Постапка за основање на восоко образовна институција по член 38 од Законот за високо образование доколку е издржано проект припрема Владата, доколку е приватен, самата високо образовна институција која се стреми да се кредитира и да се формира таа самата. Што се треба да содржи тој проект, тоа е еден елемент.

И на крај, проектот за основање на високо образовна установа од приложената документација основач не е Владата. Владата е само предлагач на проектот. Основач е ова Собрание. Основачот го доставува за акредитација до Одборот за акредитација. Ние имавме мислење од Одборот за акредитација врз база на предлог од Владата, значи прво треба постапката да ја видиме во Комисијата, за да видиме дали се воопшто исполнети условите за Собранието понатаму да проследи нешто до адресата која што треба да ја проследи.

Почитувани пратеници кои прилози треба да ги имаме кон проектот во членот 40. Знаеме што е проект, знаеме што е простории, под каков закуп се или не се и

меѓу другото мора да имаме доказ за обезбедени гаранции за надомест на школарина и други трошоци во случај високообразовна установа да престане со работа пред време. Немаме никакви гаранции.

Со други зборови она што сака да се направи, баш ќе го употребам, иако некои реагираа на тоа, политичко пазарење, затоа што формирање на универзитет мора да има и друг дигнитет, мора да има поаналитичен пристап, мора да има многу повеќе елементи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршете ја мислата господине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ви благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Шапуриќ, повелете три минути.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам претседателе, јас сакам да му реплицирам во овие три минути на господинот Оровчанец и тоа колку е можно во неколку дела.

Најпрвин во својата дискусија тој цело време се повикува на тоа дека е ова нелегален универзитет, напротив со овој закон се легализира, а неговото мнозинство и неговата Влада каде и тој бил директен партиципиент, значи министер во претходната Влада, ја толерирале оваа состојба, ниту го решавале, ниту го затварале универзитетот, ниту се легализирал, ниту се обиделе да го легализираат.

Сметам дека ваквите дискусии и поделба на добри македонци, добри албанци, лоши албанци, лоши македонци или албанци и македонци се сосема непродуктивни, тие се чисто маркетиншки, бидејќи на неколку наврати господинот Оровчанец има би рекол, не само во оваа дискусија, туку и претходните, ксенофобични настапи и ме чуди на што се должат неговите ксенофобични настапи, не се смејте господине Оровчанец, вие на една од минатите седници алудиравте на моето презиме и 15 минути зборувавте како се изговара тоа презиме, го опоменавте претседателот, односно потпретседателката и би сакал да престанете со такви ксенофобични дискусии, бидејќи навистина не ни е јасно од каде се тие, дали тоа значи дека вашата партија не е трансформирана како што се покажува пред домашната и меѓународната јавност или дали тоа значи дека вие како вашето

членство во ДА, Нова Демократија и во другите партии, како нов член на ВМРО-ДПМНЕ сакате да се докажете во смисла на она поголем католик од папата и околу вашите ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шапуриќ приврШувајте.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

... и околу вашите мислења, вие имате често пати реплики на останатите пратеници дека имаат прекин во мисла. Јас не можев воопшто да ја сфатам вашата мисла, ниту ја има во вашето излагање. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Оровчанец.

Една работа да се расчистиме, репликата на господинот Шапуриќ беше точно во однос на дискусијата и неговото сфаќање каква е дискусијата на господинот Оровчанец. Господинот Оровчанец имаше дискусија која беше, по мене, врзан еден историјат со формирање на овој тетовски универзитет. Затоа ве молам да не упаѓате од страна без да ви се даде збор.

Повелете господине Оровчанец една минута.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ќе бидам пократок господине претседателе, јас од господинот кој не може ни своето презиме да си го идентификува не очекував ни да ја разбере мојата дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Борозан има реплика од три минути.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Планирам само кратко да зборувам затоа што сметам дека на оваа тема доволно зборувавме сите во Собранието.

Сакам да укажам на делот од говорот на колегата Оровчанец во кој спомна како екстремен пример го кажа дека студентите на Универзитетот “Кирил и Методиј” морале да уплаќаат по 500 денари за развој на државното образование во

Македонија и во правец на оваа забелешка сакам да укажам на следното, односно да повторам одредени факти кои се веќе кажани.

Прво, предлогот на Владата кој го имаме денеска во форма на закон е основање на нов државен универзитет во Тетово. Што значи дека на овој државен универзитет Владата ќе финансира дел од студетнските програми кои ги смета за јавен интерес исто како што тоа го прави на универзитетите “Св.Кирил и Методиј” и Универзитетот во Битола.

Второ, овој новоформиран универзитет ќе подлежи на истите критериуми за квалитет на изведување на наставата, просторните квалитети на извршување, кадарот кој ќе работи таму и тн., како што подлежат и останатите два државни универзитети во Македонија.

Трето, студентите кои ќе студираат на овој универзитет ќе ги имаат потполно истите права, истите обврски како што тоа го имаат студентите на останатите два државни универзитети. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Мене ми е драго што пратеникот госпоѓа Борозан така идилична слика има за овој универзитет, се надевам дека  она што таа сака овде да го прикаже идилично дека ќе се реализира на тој начин, бидејќи очигледно таа ќе гласа за ова, меѓутоа, дали во минатиот состав на СДСМ доколку таа беше пратеник, ќе гласаше за овој универзитет?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Иванов, а нека се подготви пратеникот Никола Груевски.

Повелете господине Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ -ЅИНГО:

Господине претседателе, почитувани колеги,

Еве 10 дена упорно ја следам оваа дискусија во врска со овој закон и ви благодарам што најпосле дојдов во можност како човек, како граѓанин, како пратеник во овој Парламент ја одработам граѓанската должност и од политички и од морален аспект.

Следејќи ја упорно оваа расправа која често пати добиваше и драматични тонови, дојдов до некои неминовни констатации кои сакам да ги изнесам како човек кој не припаѓа ни на еден блок ни десен ни лев, туку на една партија на Социјалистичката партија и како човек кој има свои ставови и размислувања самостојни, често пати јавно искажани.

Првата моја констатација е дека овде не слушнав од никој кој зборуваше дека има некаква резерва во однос на образованието на етничките заедници. Мене тоа ми чини особено задоволство затоа што јас некаде од 90-тите години упорно се залагам за тоа таму каде има можности, таму каде има потреби, таму каде се исполнети условите во сите домени на образованието да се овозможи образување на мајчин јазик како што тоа се прави во демократскиот свет.

Втората констатација која произлегува од целокупната расправа дека образованието практично обезбедува, мислам на квалитетното образование, еден значаен фактор на развојот на македонската држава, а тоа е концентрацијата на знаење. Тука една колешка зборуваше за тоа дека образованието практично го прави човекот независен, таа се изрази суверен и јас се согласувам со тоа, но би додал квалитетно образование, особено развојот на новите технологии бараат непрекинато образование. Тоа што вчера сте го стекнале, па макар тоа било квалитетно образование, тоа за некоја година веќе застарува и ресурсите стекнати со знаење се огромни во економскиот развој на државата, во културниот развој и тн.

Спрема тоа, тоа исто така е значаен фактор кој еве во овој Парламент некако се искристализира и доби први форми и димензии онака како што треба да наликува на еден Парламент.

Меѓутоа, некои работи ме збунуваат. На пример изјавата на Владата дека Владата и покрај тоа што не е предвидено со Рамковниот договор од политички аспект, јас ова го парафразирам, е подготвена да и удоволи на еден коалиционен партнер желбата да се оформи нов универзитет. Јас и тоа го сфаќам.

Во Владата има многу партии. Стојат разни интереси. Често пати има и пазарење. Има работи кои се одлучуваат и од дневната политика. Има работи кои се одлучуваат и заради маркетинг и враќање на угледот на оваа или онаа партија и тоа зпаѓа во политичкото дејствување. Меѓутоа, мислам дека, а за тоа ќе зборувам подоцна, ако има време, дека Владата можеше да предложи многу поквалитетно решение.

Трета констатација е дека и меѓу самите партии особено на албанците нема едногласност по ова прашање, нема исто размислување по ова прашање, посебно

меѓу двете големи албански партии. Тоа зборува дека не е на прв план образовниот систем, туку дека се работи токму за овие елементи за кои зборував во врска со изјавата на Владата.

Четврта работа на која сакав да укажам, тоа е моја констатација за ова време додека трае оваа расправа дека меѓународниот фактор по многу безначајни работи секогаш се огласувал, овој пат молчи. Ништо не зборува за тоа.

Јас мислам дека тоа произлегува од причина што меѓународниот фактор се исцрпе во решавање на проблемот на високото образование на етничките заедници во Македонија со формирањето на Универзитетот од Југоисточна Европа. Тој процес се водеше долго, јас бев учесник во тој процес, како што бев учесник во донесувањето на Законот од 2000 година, кој го поддржав. Тој процес се водеше подолго ама се водеше и со голема стручност и со голем ентузијазам и решеност проблемот кој се појави во Македонија да се разреши на еден квалитетен начин. Притоа беа вклучени светски експерти од сите области. Зад овој процес стоеше и Европската Унија и Советот на Европа и ОБСЕ, стоеше така да кажам Меѓународната заедница која ја водеше Макс Ван Дер Штул со кој сум имал прилика да разговарам повеќе пати по ова прашање и овде често пати се зборува за некој Штулов универзитет. Тој не сакаше така да се вика универзитетот. Сакаше да се вика Универзитет на Југоисточна Европа од причини што тој да биде Универзитет пристапачен за сите граѓани не само во Македонија туку и на Балканот. Да се направи по стандарди какви што се светските универзитети.

Често пати тој знаеше да каже не е да се направи универзитет, туку тој треба да се направи да дава квалитетни кадри, кадри кои ќе излегуваат со големи знаења и со голема подготовка да можат да се вклопат во животот.

Не случајно денеска во светот секој се бори да заврши ЈЕЛ универзитет, Колумбија, Оксфорд и тн. затоа што тоа се универзитети кои го стекнале угледот и чудно звучи сега и во Македонија кога во многу општини, еве скоро имав прилика да прочитам има идеи во Ресен да се прави универзитет, па во Штип и незнам каде може да се роди таква идеја, а не се свесни за тоа дека хиперпродукцијата на кадри создава проблеми во државата, друго квалитетот на тие кадри. Значи, кога се размислува за таква работа мора да се размислува она што ќе се добие како ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Иванов ве молам мислата ако можете да ја привршите.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Еве ќе ја приврршам, сакав многу работи да кажам, но бидејќи сум ограничен, а не знам колку ми дадовте 10 или 15 минути...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате 10 минути, ве молам,  привршете ја мислата.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Требаше 15 минути, но ајде да ја доврршам.

Ќе беше добро Владата, тоа сакав да го елаборирам многу подетално, да ни предложше еден универзитет во Тетово меѓу овие три со стандарди и квалитет кој ќе ги задоволува потребите на граѓаните на Македонија каде што ќе можат да студираат сите граѓани и кој ќе биде еден од универзитетите на ниво барем на овој Скопски Универзитет.

Благодарам претседателе, имав многу повеќе да кажам, но така е тоа во демократијата мора мнозинството да се однесува од позиција и на тиранин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам што ја разбирате демократијата и на тој начин.

Повелете господине Груевски, а нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставницина Владата, почитувани пратеници,

Денес би сакал уште еднаш да се осврнам на неколку исклучителни аспекти по Законот кој го третира прашањето на тн., засега универзитет во селото Мала речица.

Почитувани пратеници, ние во изминатиот период често зборувавме за многу детали на овој закон, многу често зборувавме за тоа каков ќе биде квалитетот на наставниот кадар, што е важно прашање, каков ќе биде квалитетот на се друго што е поврзано со образованието во оваа институција која во иднина треба да претставува образовна институција. Меѓутоа, се чини дека, сепак клучното или едно од неколкуте најклучни прашања е прашањето, дали ни е потребен ваков универзитет, затоа што овој универзитет ќе создаде гетоизација, ќе создаде разделување на младите македонци и македонци од албанско етничко потекло.

Знаете во Јужноафриканската Република има многу добро опремени универзитети, со солиден наставен кадар, меѓутоа, таму има апархејд. Не е најважниот момент дали имаме добар наставен кадар. Тоа, веројатно со тек на време ќе може да се направи, меѓутоа, најбитно е што со овој проект, со овој закон, со овој универзитет што се креира, дефинитивно се прави едно ново разделување на етничките заендици во Република Македонија. Правиме Апархејд во Македонија. Тоа не е добро за иднината на државата.

Се прашувам и ги прашувам пратениците албанци во Парламентот, каде ние ќе се сретнеме, каде ќе се сретнат младите и следните поколенија на етничките заедници во оваа држава, ако тоа не може да е во основните училишта, во средните училишта, ако во иднина не може да е ниту на универзитетите. Тогаш каде тие ќе се сретнуваат, каде ќе живееме заедно, каде ќе работиме заедно. Тоа е основното прашање на создавањето на овој универзитет, кое што, некако заведени од сите други прашања, детали, кои  исто така се многу важни, го заборaваме и го испуштаме. Ние со овој закон го нарушуваме основниот момент на мултиетничноста. Па што всушност беше целта на Рамковниот договор за што се потпишуваше Рамковниот договор, за да се развие мултиетничноста во Македонија. Овој проект директно го нарушува мултиетничкото живеење во Македонија и создава атмосфера на апрхејд, на одвоеност една од друга етничка заендица во државата. Тоа е исклучително лошо за иднината на оваа држава.

Ќе ве потсетам на реакциите во заклучоците на Сенатот во Универзитетот Св. Кирил и Методиј кој вели “високото образование и науката воопшто не знаат нитусакаат да се определуваат  според етничката припадност на учесниците во процесот на високото образование. Оттука за нив е сосема туѓ концептот за формирање на етнички универзитети. Проблемите на високото образование на етничките малцинства во Република Македонија може да се решават на сосема поинаков начин од оној во кој студентите ќе се групираат т.е. сепарираат според нивната етничка припадност. Според тоа, наместо тоа науката и образованието знаат единствено, за принципот на компетентноста”.

Навистина би го издвоил ова прашање како едно од клучните, дали ни е потребен ваков универзитет, етнички. Во 21-век кога во многу држави се прават универзитети на англиски јазик во одделни области каде што најмногу одредена индустрија е развиена, со англиски јазик, како да речеме, многу универзитети во Шведска и во нордиските земји, затоа што иднината на нивните деца ја гледаат во

една атмосфера на глобализација каде што знаењето ќе биде прв предуслов за успех, а не дали се завршило на овој или на оној јазик, од една етничка припадност.

Борејќи се да укажеме на основните принципи на сопственоста, затоа што во оваа држава многу се нарушува правото на сопственоста, зборувајќи за зградата на Тетово Табак во Тетово што ние често пати кажуваме како е можно универзитетот да се направи во зграда што е туѓа. Знаете што, дури и да не е туѓа, дури и да е во сопственост на онаа личност што кажува дека е нејзина сопственост, кој и дал за паво да прави универзитет во зграда за која од властите нема добиено право за такво нешто. Тоа е основното прашање. Можете ли вие во вашите куќи, во вашите станови да отворите универзитети, да отворите продавници, пиљари, дискотеки? Како може некој во државата да си дозволи па дури и да е негов објектот, во тој објект да си направи универзитет. Тоа е нонсенс во една држава и некој тука тоа го брани, дека тоа така треба да биде, така морало да се почне. Вие со тоа ги охрабрувате и понатаму многу радикални структури во нашата држава, да ги прават истите чекори, да го газат законот, мимо законот да одат на формирање на институции од разен карактер што немаат никаква дозвола за опстојување, а потоа под некаков притисок или политички договор, таквото нешто да се институционализира. Тоа е опасен преседант за Република Македонија.

Третиот важен момент што еднаш веќе го имам спомнато во моите претходни излагања е моментот на капитулација пред насилство.

Сепак, ќе се согласите дека овој проект клучно на сила. Истиот тој премиер кој денес го поддржува овој проект, пред 7-8 години жестоко го напаѓаше и испрати специјални полициски сили, загина еден човек, 15 беа повредени. Борбата и понааму продолжи на ваков или на онаков начин. Не помогна ни создавањето на универзитетот на Југоисточна Европа кој дава можност за мултиетничко живеење, младите да се сретнат на едно место, кој дава можност сите албанци кои се од Македонија и кои сакаат да студираат, да можат да студираат, кој не создава атмосфера во која треба да се увезуваат студенти, затоа што нема толку албанци за два универзитети, да мора да постојат, каде ќе можат да учат албанците на свој мајчин јазик.

И конечно на крајот, под некаков притисок, политички договор и некое условување внатре во коалицијата, на целата македонска јавност и се испраќа сигнал дека со сила може да се постигне нешто, дека треба да се започне, на сила некој проект и под капата на етничко незадоволство, еден ден тој проект ќе заврши.

Тоа е многу лошо за иднината на државата. Денес од една страна, утре може да биде од друга страна на етничка заедница. Тоа е многу лошо за иднината на државата. Тоа се многу лоши сигнали за радикалните структури во иднина, да им падне на ум уште полоша идеја од оваа. Тоа е исто така едно од приоритетните прашања за кои треба добро да размислиме, кога ќе се гласа за овој закон и да биде една од клучните и темелни дискусии во оваа расправа, денес во Парламентот.

Се поставува и прашањето зошто толку се брза, пред Уставниот суд да донесе решение позапочнатата процедура за противуставност на Законто за високо образование. Зошто Уставниот суд 4 месеци не се произнесе. Веројатно, тоа е политичкото влијание што е присутно и политизацијата на овој суд. Дали не треба парламентот да почека, да видиме што уставниот суд ќе каже по ова прашање, можеби, ќе се надмине и ќе даде едно друго мислење, од она што некој тука го очекува во парламентот во однос на Законот за високо образование кој опозицијата го оспори во Уставниот суд.

И конечно би спомнал еден момент што премиерот на Република Македонија го употреби како главен аргумент, поддржувајќи го овој закон. Тој рече дека не сака работите да ги остават под килим. Значи не сака да ги остава скриени, не сака да има некој проблем, а тој да не се решава. Јас се согласувам со еден ваков пристап. Меѓутоа, со еден ваков проект, со овозможувањето на легализирање на еден ваков универзитет што се прави на сила, што е етнички, што креира гетоизација, што креира апархејд, што креира нови проблеми, ние не ги вадиме проблемите од под килимот и не ги решаваме, затоа што, внимавајте, прво, остануваат уште 7-8 универзитети кои ќе продолжат да работат на диво. Никој тука не ни кажа дека тие универзитети, нелегални, таканаречени универзитети, ќе престанат да работат. Нема таков тука што може тоа да го потврди, затоа што нема подготвеност за евентуална акција од страна на властите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Привршувајте ја мислата г-дине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам, г-дине пртседателе, ми ја прекинавте мислата како и обично.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа се правилата.

Реплика има г-динот Ејуп Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Г-дине Груевски, Вие и во денешниот збор, но и претходно кога зборувавме за универзитетот во Тетово се повикувате на квалитет, како да нема квалитет на тетовскиот универзитет.

Јас сакам да ви поставам едно прашање.

Кои се параметрите и кои се инструментите со кои вие дојдовде до заклучок дека на тетовскиот универзитет нема квалитет. Што е тоа што на Универзитетот на Југоисточна Европа има многу голем квалитет и кои се професорите кои имаат високо академско ниво. Но, вие г-дине Груевски, заборавате, или пак не знаете една многу голема вистина. Тоа е дека сите тие професори кои сега работат на универзитетот на Југоисточна Европа, работеле на тетовскиот универзитет, а исто така, голем број од нив и ден денес предаваат на Тетовскиот универзитет. Тогаш, според вас, кога овие професори предаваат на универзитетот на Југоисточна Европа, имаат високо академско ниво, а исто така, истите пак, кога предаваат на тетовскиот универзитет немаат академско ниво. Тоа е вистинска заблуда.

Исто така, почитуван г-дине Груевски, вие како лидер на најголемата опозициона партија, човек кој припаѓа на една нова генерација или пак на нова политичка класа, навистина е загрижувачки фактот, г-дине, што вие сте против високото образование, на албанците, на албански јазик. Вие спомнуватеј апархејд. Вие овде зборувате за поделба на младите. Како мислите поделба. Вие сте против високото образование на албански јазик, бидејќи тие не можат да се интегрираат во државата. Според вас младите албанци треба да студираат само на македонски јазик. И доколку тие не студираат на македонски јазик, тие не може да се интегрираат.

Почитуван г-дине, вие како лидер на оваа партија, што во ова време понудивте декларација, за апликација на Република Македонија . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам изминаа вашите минути.

Повелете г-дине Груевски имате една минута реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам, за репликата на почитуваниот пратеник.

Сепак се чини дека почитуваниот пратеник малку ги измести тезите.

Никогаш не сум кажал дека сум против високото образование на албански јазик, иако не ја гледам причината зошто албанците во Македонија, не сакаат да учат на македонски јазик. Меѓутоа, проблемот е во тоа што со овој универзитет тие се гетоизираат, само на албански јазик ќе се учи на тој универзитет. Нема место,

нема простор за мултиетничко живеење, за среќавање на сите етнички заендици на едно место, за нивна соработка. Тоа е главниот проблем. Јас на тоа го дадов мојот акцент во мојата дискусија и компарацијата што ја направи со јужно африканската република е со позитивен пристап. Значи, пристапот мој не е негативен дека не треба албанците да учат на свој мајчин јазик и дека треба да бидат гетоизирани. Напротив јас го кажувам спротивното. Истото го кажав и за квалитетот. За квалитетот зборувам од она што го гледам во програмата на идните професори. Веројатно со тек на години и децении тој квалитет ќе се подобри. Клучно е дали ни треба таков универзитет што ги подвојува луѓето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г-ѓица Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Г-дине Груевски, јас разбирам дека ние како претставници на различни политички опции по некои прашања можеме да имаме различни позиции и пристапи во решавањето на проблемите. Меѓутоа, она што не можам да го разберам ниту да го прифатам, особено кога има точки како денешнава, на дневен ред, е потребата упорно да играме на картата на меѓуетнички тензии, на раздор, за сметка на реалното соочување со фактите и аргументите.

Вашето тврдење дека ова ќе придонесе за гетоизација, за разделување на македонците и албанците, се тези кои што сме ги слушнале и пред неколку години кога беше во прашање информирањето на Педагошкиот факултет. Како што гледаме тие тези не се остварија до ден денес, Педагошкиот факултет, функционира, со државата се е во ред, сеуште егзистира.

За жал, јас не знам како да го окарактеризирам вашето излагање, дали е тоа импулсивна реакција, како што беше вашето одземање на картицата од претседателот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓица Грковска, за тоа ќе има интерпелација, ќе дискутираме за тоа.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Меѓутоа не можам да се одделам од впечатокот во вашето излагање дека единствената причина заради која не го поддржувате овој проект е заради тоа што сакате да имате нешто што во различни моменти ќе го актуелизирате, со цел да добиете политички поени. Тоа е единствената причина заради која сакате да играте на картата на меѓуетнички тензии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Груевски имате 1 минута реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за репликата, меѓутоа јас се обидов да имам еден искрен пристап за овој проблем. Очигледно е дека почитуваната пратеничка денес не е расположена за тоа. Повеќе е расположена за политички купувања, што не би сакал да навлегувам во такви работи.

Јас кажав одредени тези за кои искрено верувам дека може да бидат опаасност за Република Македонија. Ниту сакам да поттикнувам етнички тензии, ниту пак тоа ќе ја доведе Македонија во некоја подобра позиција. Меѓутоа, ние овде во Парламентот сме дојдени да предупредиме, да помогнеме, како опозиција, да дадеме идеи и проекти. Ако некои проекти од власта имаат слабости, ние би требало да укажеме на тоа. Секаков одговор кој што е чисто политичко купување, навистина не ни дава инспирација за подолга дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г-динот Рафиз Алити.

РАФИЗ АЛИТИ:

Со оглед на тоа што пртседателот или лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, со неговата дискусија постави некоклу тези, би го потсетил дека секој родител, било ние што сме овде во Собранието, или тие што се надвор од Собранието, откако ќе им се роди детето, нивни сон е нивното дете да биде најдоброто и најсреќното дете, а се знае да биде најсреќно во животот треба да се создадат и законски услови тие деца да ја видат нивната перспектива. Така што независно од етничката припадност или расата тоа е сон на секој родител.

Г-динот Груевски го кажа мислењето на Сенатот на Универзитетот на Св. Кирил и Методиј. Јас би му поставил едно прашање, зошто Сенатот на Св. Кирил и Методиј 50 години не размислувал како треба да се реши прашањето на високото образование на албанците во Република Македонија, кога добро се знае дека секогаш сме имале дефицитарен кадар.

Што се однесува до тезата за апархејдот, мислам дека тоа не држи. Не држи од многу причини.

Една од главните причини е дека во тетовскиот универзитет, во една многу блиска иднина ќе студираат деца од сите етнички заедници овде во земјава и оснивањето на овој универзитет го гледам како натпревар меѓу нашите универзитети, било скопскиот, битолскиот или тетовскиот.

Што се однесува до гетоизацијата, би го потсетил г-динот Груевски, дека ние бевме гетоизирани, бидејќи досега немавме можност да се школуваме. Вратите на Универзитетот во Скопје, беа затворени за нас.

Би го потсетил г-динот Груевски дека албанците живеат во Европа, а не во јужна Африка, не и припаѓаат на црната раса и врз основа на бојата да не гетоизирате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Г-дине Груевски имате една минута право контрареплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам на репликата.

Имам чувство како со претходниот пратеник дека разговараме на различен јазик не во смисла на јазикот на кој што разговараме и што е дефинитивно различен, туку во преносна смисла на зборот. Мојот одговор ќе го базирам на едно прашање, прашајте се зошто во Македонија побогатите, кои имаат таква можност, и македонци и албанци, своите деца ги испраќаат на студирање на Харвард, на Оксворд, на Сорбона или пак на некои поквалитетни универзитети во Солун, во некои други држави во регионот во Европа и надвор од Европа? Затоа што очекуваат дека на тие универзитети ќе се стекнат поголеми знаења, поголеми вештини, подобар имиџ на самата диплома и повеќе контакти, потребни во светот на едно глобално живеење денеска. Наспротив тоа имаме проект кое што треба да им овозможи на одредена група на студенти не само да имаат подоцна проблеми во вклучување во живеењето надвор од Македонија туку и во самата Македонија да имаат такви проблеми. Таква е поентата и идејата е сосема позитивна. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Би ве замолил точно мислите да ги завршувате кога ќе ве замолам да ги завршувате во една минута.

Г. Хусеин Хусеинџеват има реплика.

Повелете три минути.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

За гетоазицајата г. претседател на партијата ВМРО-ДПМНЕ јас ќе ви псотавам едно прашање, но ќе го дадам и одговорт . Имавме гетоаизација на албанците. Сега

се убедуваме за интегрирање , а гетоизацијата ја имавме . Јас ќе ви поставам едно прашање ,кажете ми зошто образовното ниво на албанците во Македонија е многу, многу пониско од колку на Косово или во Албанија? Само одговорете на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута г. Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Значи, сите дискусии, мои што беа и се во правец на интегрирање, а не се во правец на гетоизација, сепарирање или нешто слично. Македонија има иднина само ако албанците се интегрираат во системот целосно. Сиромаштијата ќе ја надминеме само ако го подигнеме нивото на образование кај сите, кај македонците и кај етничките албанвци во Македонија.

Тргнувајќи од овие тези целата дискусија е во ист правец. Очигледно дека патиштата ни се различни , а времето ќе покаже кој бил во право.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Караџоски, а нека се подготви пратеникот Ристана Лалчевска.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, господине министре, почитувани пратеници.

Еве, изминаа повеќе денови како дискутираме по оваа проблематика, поточно по законот за основање на тетовски универзитет. Да бидам искрен, долго време размислував како да ја започнам мојата, овој пат ограничена дискусија, како во 10 минути да се каже сето она што има и треба да се каже по однос на оваа тематика. Не би сакал да започнам со мисли што некој одамна пред мене, но и пред сите нас ги искажал. Уште помалку би сакал да се ставам во улога на филмски критичар, како некои, па проблемот за кој овде дискутираме да го поистоветам или пак го анализирам низ призмата и окото на сценаристот и режисерот на филмот “Пијанист”. Кое нешто, така сликовито ни го опша претседателот на Парламенотот. Но, морам да признам дека и по една таква добра критика мене ми остана нејансо,

почитуван претседателе, пораката што преку овој филм сакавте да ни ја упатите. Особено ако треба..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџовски ние можеме да дадеме една пауза да објасниме, а сега за законот, може да зборуваме?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, зборувавте и вие, затоа и јас ќе зборувам ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас зборувам за образованието.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

За образованието и вие зборувавте низ таа призма и јас ќе зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Малку шега. :Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи особено ако треба тоа сценарио да го примениме на наши простори. Веднаш ќе се доведеме во заблуда заради фактот што неможеме да разграничиме кој е офицер, а кој пијанист кај нас.

Ако го сведеме овој филм на просторот кај нас, добро познат, Македонскиот Парламент или Македонската политичка сцена, од плејадата на артисти неспорно, почитуван претседателе , улогата на офицер би ја добил ДУИ, бидејќи како партија на власт навистина во своите редови има многу офицери или команданти, како некој би ги нарекол. Еве, еден таков имаме и на официјалната ВЕБ страница од составот на Парламентот каде неспорно се објаснува што се човекот морал да помине за да стане пратеник во нашиот Парламент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски ова е втор пат како ве опоменувам да се држите до темата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

И тоа, во секој случај треба да се знае не само кај нас, туку и за цел бел свет.

Претседателе, вие 10 минути потрошивте во филмови кажување, и сега како мене ќе ми земете збор..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не потрошив ни за ВЕБ страница ни за командати, тоа беше..

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Најмалку зборував за ВЕБ страница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На третата завелешка ќе ви одземам збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Две минути ми трошите од говорот. Немам ли јас право да разговарам во вид на сценарио, како што вие прававте?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Од друга страна, судејќи по оркестарот што имавте можност да го слушнете во нашиот Парламент, јасно е кому ќе биде доделена улогата на пијанист.

Но, почитуван претседателе, загрижува еден податок поради кој што тешко овој филм би можел да се режира кај нас, а тоа е фактот дека имаме преголем број на статисти или неми улоги или улоги за една употреба. Исто така, главниот сценарист, продуцент и режисер не набави оригинален материјал, туку се послужи со плагијат. Или веќе видена работа, што ќе рече реприза. А тоа, бидете сигурни нема да ги оправда целите ниту пак средсствата што се вложени во истиот.

Затоа, почитувани колеги многу поавтентично сценарио , многу пореален филм за критика и осврт ќе беше до колку почитуваниот ни претседател на Собранието даде критика или осврт на филмот “Офицер и џентлмен” или пак за филмот “Лет над кукавичкото гнездо” или можеби за филмот “Господар на прстените” или чувај боже за анимираниот филм “ Алибаба и неговите разбојници”. Верувајте дека со ваква критика и осврт ќе добиевме многу поавтентична слика за она што ние денес правиме и за она што ни се случува во нашата татковина. Но, со оглед дека такво нешто не слушнавме, дозволете ми почитувани пратеници, во

рамките на времето што ми го дозволувате да дадам свое видување за темата на дневен ред.

Најнапред, да расчистиме некои работи.

Прво, т.н. универзитет во Мала Речица е основан во 1994 година, на начин на сите нас добро познат. Тоа е она време почитувани колеги кога на власт беше СДС, но тогаш во коалиција со ПДП. Тоа е исто така она време кога тогашниот премиер на Република Македонија беше сегашниот премиер во ликот и делото на г. Бранко Црвенковски. Тоа е исто така е она време кога низ целата наша Република продефилираа мапите со т.н. Илирида, тоа е исто така она време кога во западниот дел на Република Македонија се појавија знамиња на туѓи држави како се вејат на нашите јавни објекти. Поточно на албанското, а при тоа државното ни знаме беше симнато. Тоа е она време кое во тој дел на Република Македонија масовно почна да не се плаќа данок, и други обврски кон државата од тамошното население, наспроти другото, во други краеви во Република Македонија . Тоа е исто така време кога Владата на Република Македонија на чело со тогашниот и сегашен премиер презеде решителна акција за воспоставување на правен поредок во државата..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски ако завршивте со критиката на мојот настап ова веќе не е дел поврзан со законот. Ве молам г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Па во тоа време било. Сослушајте ме г. претседателе. Во таа насока беше употребена и сила особено за затворање на параунивверзитетот.

Ова не треба да го зборувам , да го премолчиме?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете г. Караџоски, времето ви тече.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувани пратеинци,

Овој универзитет навршува 10 години од неговото постоење. 10 години на СДС, на тогашниот и сегашен премиер и на неговата гарнитура им беше потребно да сватат дека ова не бил политички, туку образовен проблем. 10 години им беше потребно, покрај донесување то на Законот за високо образование и основањето на

Штуловиот универзитет да сватат дека правото на високо образование не било апсолвирано, па така, од сега натаму универзитетите ќе ги броеле по број а не по име. Но, конечно тоа што е битно е дека сватиле дека постои проблем што тие на овој начин конечно ќе го симнат од дневен ред.

Денес, по 10 години основаме универзитет во Тетово, така вели законот и СДСМ. Но, или "али" како што некој милува да рече, ДУИ вели дека истиот се легализира. Како и да , ова второт, колку и да мачкате со бои, излегува поверојатно.

Почитувани пратеници, ова се прави, поточно овој универзитет се легализира во време кога повторно на власт се СДСМ и Бранко Црвенковски овој пат со ДУИ, кога Република Македонија достигна рекордна бројка од 400 илјади невработени по кое нешто најверојатно ќе бидеме запишани во Гинисовата книга на рекорди, кога во образованието материјалната состојба како во егзистенционален така и во институционален аспект е повеќе од катастрофално, за кое нешто е најавен и штрајк. Кога се носи закон за територијална поделба на Република Македонија за кое што веќе се створени реакции во јавноста изразени со масовни референдуми со кои Република Македонија дефакто и де јуре се кантонизира. Кога за неполни две години Штуловиот универзитет ќе се финансира од државата. Кога во западниот дел во Република Македонија е на отворена сцена етничкото чистење а за некаков повраток ниту станува збор. Кога за неполна година не очекуваат претседателски избори во Република Македонија што го отвора просторот за разни пазарења меѓу коалиционите партнери во власта за сметка на националните интереси. Кога и постојните два универзитети мака мачат за опстанок поради хроничната болест немање срества. Кога народот ни е се посиромав и посиромав како резултат на што емиграцијата од Република Македонија во белиот свет по парче леб е огромна и секој ден е се поизразита. А, особено во делот на младата интелегенција, или штотуку дипломираните студенти кои, не гледајќи перспектива масовно ја напуштаа земјата. Кога е на повидок политичко решение на косовското прашање а кое нешто кој знае како ќе се одрази врз нас, нашата независност и статус. Кога Македонското ткиво почитувани пратеници се повеќе се расцепкува во отсуство на јасно дефинирана национална стратегија на политичките субјекти, особено на Македонскиот блок. Во одсуство на единство кај македонскиот народ по сите витални прашања, било да се изразени за ова денеска што го дискутираме, било за МПЦ итн. итн.

Сето ова се причини, почитувани колеги да си ги поставиме сите следните прашања:

1. Дали е ова вистински момент за носење на ваков закон? Ако мене ме прашате, одговорот е не.
2. Дали со неговото усвојување попуштаме на притисоците што ни ги поставува албанската заедница во Република Македонија? Ако мене ме прашате, одговорот е да.
3. Дали ова не значи дека во Република Македонија се воспоставува пракса се што се сака од страна на лабнаците можат да го постигнат со веќе проверениот начин и по веќе установената формула ако не сакаш со добро тогаш со лошо? Да ве потсетам, тука некој не потсети дека албанците, тие можат повторно да се вратат во историјата, најверојатно мислејќи на 2001 година, друг не потсети дека војната го донесе овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам  со мислата да привршувате.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ако мене ме прашате одговорот е повторно да.

За економската оправданост од носењето на овој закон и не треба да се поставува прашањето, тоа сите добро го знаеме.

Дали ова не е чист политички договор помеѓу г. Бранко и г. Али Ахмети?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ми одзедовте две минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Уште  само една минута да ја завршам реченицата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршете ја.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Дали има крај на барањата и желбите на албанците во Република Македонија како обесправен народ, поточно мислите ли дека со овој закон прашањето на високото образование на албанците во Република Македонија е дефинитивно затворено? Ако пак мене ме прашате, одговорот е не.

Почитувани колеги, и на крајот, кога на овие и многу други прашања ќе одговорите без да се двоумите или без резерви, можеме да кажеме дека овој и нему сличните закони се основани. Во спротивност сета одговорност и за овие и за наредните генерации паѓа исклучиво на оние колеги кои ќе гласаат за.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас лично не сакам да ја сносам одговорноста, не сакам да му нанесам штета на македонскиот народ и од тие причини ќе гласам против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Исклучите го г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Три минути ми одзедовте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е точно г. Караџоски, 30 секунди ви одземав. Ве молам да почитуваме тоа што сме се договориле. Јас ви дозволив да зборувате, а 80% од вашиот настап не беше во врска со законот.

Ако не можевте пораката да ја сватите со мојот настап тоа е веќе друга работа.

Благодарам.

Господинот Фазли Велиу има реплика од 3 минути, повелете.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Јас не сакав да земам збор со оглед на тоа дека ние треба да одиме во правец на официјализација, дефинитивно. Но, Караџоски ме поттикна да земам збор.

Овој пат го поздравувам и не е пријавен како друг пат, но неговиот говор не искажа ништо. Во три точки ќе се осврнам.

Него го боли, иако овде во Собранието има претставници, како што вели офицери и команданти поранешни на ОНА, но овие ги има избрано албанскиот народ и тие ќе бидат овде.

Второ, нему не му изгледа јасен десет годишниот период на постоење на тетовскиот универзитет и прашува како може да биде легитимен овој универзитет во оваа држава. Јас би го прашал, ако ова бил див универзитет како што се вели и не го официјализиравме денеска, како ќе се сметаше овој универзитет во иднина? Кога ние, станува збор, имаме друга варијанта, сами да го одржуваме како албански тој универзитет затоа што тоа ни припаѓа.

И трето, често пати го спомнува периодот на СДСМ во тоа време. Јас мислам дека СДСМ прави една коализија затоа што увидела дека не може да се направи нешто, станува збор што може да се направи како постапка, како државна процедура, без да има рамноправни права, сите ние кои сме овде. Затоа оди со принципот да се одржи оваа држава. Од тие наши војници сме принудени да дојдеме овде и оваа држава да ја издржиме. И, ако тие ги викате непосакувани во оваа држава, тогаш каде да ги воведеме тие? Во други држави? Тогаш повторно тие ќе излезат надвор од овдешните норми и сите тие кои беа за заштита на Македонија во едно време кога беше загрозена Бугарија, значи оваа земја беше загрозена од Бугарија, 6 недели ги принудија за да ги заштитат нивните уставни права. Ориентирајте се во правец на официјализацијата, ако не сакате некој друг пат на наше легитимно дејствување.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Талат Џафери имате реплика, повелете три минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам господине претседател, јас верувам не се доволни само три минути туку и сто минути за реплика, но ќе се обидам во неколку точки да одговорам

односно да реплицирам на Караџоски во однос на следново, правото на имунитет не значи и злоупотреба на нашите биографии, членови на Парламентот.

Што се однесува до податоците за нашиот дел, ние сме навистина горди, се гордееме со нашата биографија и воопшто не не загрижува тоа што го вели г. Караџоски.

Зборува за етнички чистења во Западниот дел на Македонија. Јас би му рекол да замине во Гостивар и да го праша господинот кој го приватизира “Готекс” за неколку илјади евра, која цена ја бара за тој објект за да можат да дојде, да го земе тој капитал со кој што ќе инвестира во Скопје или во некој друг дел од Македонија.

Барањата на албанците ги става на ниво на исполнување на барања на граѓаните, но јасно треба да знае Република Македонија е меѓународен субјект што има меѓународни обврски од својата субјективност да ги исполнува и обврските на своите граѓани. Како правник вие ова добро го знаете, верувам. И, во овој правец, во оваа насока прави паралели на институционализирање или основање на тетовскиот универзитет со прашањето на дефинитивното разрешување на прашањето на статусот на Косово.

Јас ќе нагласам како офицер со ноцион, но како пратеник денеска, правникот Караџоски да го потсетам дека Косово е протекторат на ОН, судбината и дефинитивниот статус ќе го реши косовскиот народ, но со поддршка што произлегува од тој што протекторира. Значи, како протекторат на ОН и како правник, вие ова добро го знаете. Ви реков, сто минути се малку, но за овој момент ви благодарам, толку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски барате една минута.

Повелете имате една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Џафери, сто минути се малку, една минута е уште помалку да се каже или да се одговори на она што вие го кажавте. Колку да се трудите да ме убедите, прво, сами треба да се убедите во тоа што го зборувате. Многу ви е јасно и не мора да се трудите да ме убедувате кога знам што се ви е јасно и што се ви е зацртано. Тоа е многу евидентно и јасно. Инаку, токму тоа е, господине Џафери, јас незнам зошто се вреѓате кога спомнав офицери, еве вие потврдувате дека сте бивш офицер, бивш командант. За разлика од вас јас сум само правник обичен и сега пратеник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Рафис Алити, има реплика од три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас ќе се потрудам да не ги искористам трите минути, но истовремено изгледа дека господинот Караџоски не му е јасно дека во Македонија не се вее знамето на Албанија, туку тоа знаме е национално знаме на албанците и треба да се заинтересира изгледот на знамето на Албанија.

Второ, е прашањето тој кажа една теза дека и по две години државата ќе го финансира универзитетот на Југоисточна Европа и ќе биде добро, не за нас, туку за јавноста, да објасни дали има некој политички договор напишан од бившата Влада за оваа работа или има некоја одлука, решение на тогашната влада дека по две години ќе се финансира југоисточниот универзитет, што ќе биде добро и за нас да знаеме за оваа работа.

Трето, за цело време се вели дека од пратениците на СДСМ и други пратеници дека пред десет години од тогашната влада се употреби насилство, против тие кои го основаа тетовскиот универзитет, што е една вистина која никој не ја негира. Но, сигурно, дека и господинот Караџоски ќе се согласи со мене дека право за да еволуира кон доброто има право секој човек , така што јас ги повикувам сите тие кои имале недобри цели и намери против овој универзитет, да еволуираат за добро и да ја поддржат идејата за основањето на тетовскиот универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Алити.

Една минута господинот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Алити, јас би ве прашал контра прашање. Дали вие знаете како изгледа државното знаме на Македонија. Ако не знаете еве ги имате овде пред нас, можете да го видите, со оглед што во вашите краишта, во западниот дел на Република Македонија никаде не го гледам на јавните објекти, да се вее. Не го гледам на вашите митинзи, не го гледам ни на било кои приредби што ги правите, што значи апсолутно тоа знаме не е застапено. Не знам што со тоа сакате да кажете, а дали се вее знаме на Република Албанија или незнам некое на ваша националност и тн., вие треба да знаете, ако ништо друго, дека во оваа држава има закон за употреба на знамињата и треба да се придржувате кон тој закон. Но, тоа не е толку битно, колку вашата волја и желба да не го истакнувате ова знаме, со што и

индиректно кажувате дека не го ни признавате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика Витановски Јанаки од три минути.

ЈАНАЌИ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, сметам дека денешните дискутанти, а и колегата Караџоски и во реплики меѓу себе кажаа многу работи и мислам дека дискусиите од рамките на етнички чистења од насилства и спомнување на 2001 година, сметам дека 2001 година не треба да ја заборавиме, но треба сите да ја опростиме.

Уште една работа, помина времето на команданти и на офицери и сега е времето на градење на соживот и на државата и сите треба да работиме во таа насока. Доколку уште еднаш, господине претседателе, има вакви дискусии, во тој контекст јас би ве замолил на секој да му го одземете зборот. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова беше процедурално или ќе одговорите, бидејќи е реплика.

Повелете господине Караџоски, една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Јанаќи, очигледно живеете во друго време, еве јас вака најискрено, доколку бев режисер на “Пијанист”, ќе ви доделев една улога во тој филм, за да може сето ова што го кажувате треба да се опрости и треба да се заборави. Меѓутоа, не заборавајте каде живеете и незаборавајте што мисли народот кој што ве избрал. Ако така мисли народот лесно како што вие овде искажувате, многу лесно можеме да се помириме. Со некои работи не можеме да се помириме, особено кога некој овде од пратениците, нарочно од албанскиот блок не потсетуваат со нивните дискусии или пак ни се закануваат. Не беа мои зборови дека ќе се вратиме во историјата, беа на пратениците од албанскиот блок, а јас само ги цитирав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска, а потоа нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, колеги пратеници, претставници на Влада, иако не го гледам господинот министер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам нека влезе господинот министер, бидејќи тоа е барање на пратеникот.

(Меѓувреме во салата влегува министерот Азис Положани)

Повелете продолжете, бидејќи претставникот на Владата е присутен.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Му благодарам на господинот министер што ни се приклучи во расправата.

Јас во почетокот би сакала да расчистам една дилема околу високото образование на албанците на мајчин јазик. Прво, да кажам децидно и јасно, Либералната партија како и опозицијата никогаш, во ниту еден момент не истакнала став дека е против високото образование на албанците на мајчин јазик. Овде да нема дилема и би сакала да апелирам да престанат да не обвинуваат дека сме против високото образование на албанците на мајчин јазик, затоа што тоа многупати го слушнав од говорницата од претставници на некои партии.

Да ве потсетам дека сегашната опозиција во 2000 година кога беше на власт го донесе законот за високо образование во кој закон се даде правна рамка за основање на унверзитетот на Југоистона Европа, каде што албанците се образуваат на својот мајчин јазик. Затоа да престанете да не обвинувте дека сме против високо образование на албанците на мајчин јазик. Она на што јас лично, а и верувам опозицијата се противи, е основањето на државниот универзитет во Тетово. Зошто сме против во овие маратонски седници, многупати аргументиравме и ги истакнавме ми се чини сите аргументи кои за жал многумина не сакаа да ги слушнат или да ги разберат, мене тоа ми е сеедно. И еве во оваа прилика јас уште еднаш ќе ги истакнам моите лични видувања за овој предлог на закон за основање на државниот универзитет во Тетово. Мислам дека тие не се поразлични од сите оние што досега ги слушнавме. Пред се сакам да кажам дека за сите денови она што аргументирано се зборуваше колеги е навистина правата вистина, сакале вие да го разберите тоа или не. Ваше право е да цените и да застаните на странаста на вистината. Затоа што ако се излгаса овој предлог закон, ако помине на ова Собрание, тогаш и одговорноста ќе биде на страната на тие кои ќе го гласаат предлогот. А од кои причини јас лично се противам на овој предлог.

Прво, факт е дека со Рамковниот договор е предвидено создавање услови за рамноправен пристап на припадниците на другите заедници во високото образование. Точно и децидно вака. Овој услов е задоволен со основањето на универзитетот на Југоисточна Европа, кој остварува доста квалитетна едукација што не е мое лично видување, туку е видување на стручњаци од оваа област и во државата и надвор од државата, и кој остварува една многу похумана интегративна функција која на сите нас многу ни е потребна. Можеби овој универзитет во целост не ги задоволува нараснатите потреби на албанците за високо образование. Ако е

тоа така, тогаш зошто не одиме во проширување на овој веќе докажан постоечки универзитет, туку одиме во проект кој е надвор од Рамковниот договор и кој е надвор според мене и моите видувања и од законот. Ако сакаме, драги колеги, да се интегрираме во Европа, тогаш треба да постапуваме и така, а не да отвораме универзитет, во кој на некој начин ќе ги гетоизираме албанците во посебен универзитет, тие во нивниот, ние во нашиот. И, каде тогаш ќе води Македонија, каде ќе оди интеграцијата на оваа држава.

Тука, во неколку наврати слушнав дека ние не сме надлежни да го оцениме квалитетот на високото образование, дека за тоа си има надлежни институции кои ќе го сторат тоа и ќе го кажат својот збор. Јас се согласувам дека можеби тоа е така, но нашата одговорност, драги колеги, како законодавен дом е во тоа што ние ќе дадеме правна рамка за основање на универзитетот и секако дека ќе сме одговорни за квалитетот на таа правна рамка, која ќе овозможи основање на универзитетот. Ценам дека оваа правна рамка за основање на универзитетот, која е дадена во предлог-законот, која е навистина штуро дадена само во 5 члена и не зборува многу, е навистина правно погрешна и тоа од повеќе аспекти.

Прво, ако го видиме членот 1, ќе видиме дека и покрај тврдењата на министерот овој универзитет кој сака да се основа ги дуплира кадрите, затоа што сите високообразовни установи кои се тука наведени, веќе ги имаме на постоечките универзитети. Значи, ќе ги дуплираме кадрите и ќе направиме паралелизам во универзитетите. Значи, нема ништо ново да се појави на овој универзитет.

За цело време сум во дилема дали ние основаме државен универзитет во Тетово, или пак вршиме легализација на веќе постоечкиот во Мала Речица, кој ако го разгледаме членот 5 од предлогот, се повеќе ни станува јасно дека вршиме легализација на веќе постоечкиот од Мала Речица. Во овој член 5 се вели дека, кој е основан како граѓанска иницијатива. Јас не можам да прифатам дека граѓанска иницијатива во Република Македонија се основа надвор од закон, а оваа такавикана граѓанска иницијатива, која се основа пред десетина години беше надвор од сите позитивни закони на Република Македонија.

Нешто што ми е најспорно е членот 5, всушност целиот проект на овој предлог закон вие го заснивате на членот 198 од Законот за високо образование. Јас би сакала нешто повеќе да дебатирам околу овој член. Во 2000 година во Законот за високо образовние во членот 198 беше предвидено дека правото на продолжување на образованието по избор, нормално, на оние што студираат надвор од системот ќе можат да си го остварат сите оние што ќе се пријават пред одредена комисија, ќе си

докажат и покажат што акумулирале од знаења и до 31 декември 2001 година ќе можат да се вклопат во легалните институции образовни на државата. Пред се, се мислеше на оној универзитет кој се основаше со овој закон.

Таквото право престана на 31 декември 2001 година. Со најновите измени на Законот за високо образование од 2003 година, од април, се изврши измена на овој член 198 и таму стоеше дека бројот 2001, се заменува со 2005. Тоа значи ние го изгласавме овде, т.е. парламентарното мнозинство, затоа што опозицијата се противеше на ваквите измени. Го изгласа овие измени на Законот за високо образование и што се случи? Се случи излегување надвор од правната теорија. За право кое престанало пред три години, ние му дадовме континуитет како да тоа право непрекинато важело до 2005 година. Јас, нависина, незнам ан што го засновавте ваквото право, ваквите измени. Кога еднаш едно право ќе престане, тоа не може да продолжи во никој случај. Единствено е можно според правната теорија повторно да се вопостави. Ние не воспоставивме ново право, туку дадовме продолжение на едно право што престанало пред три години, а сега целиот овој проект, ако е проект од 5 члена, го засноваме токму на една вавка погрешна правна норма, норма која излегува од сите првила на правната теорија. Јас,навистина не сум слушнала за право кое престанало да  му се даде континуитет после истекот на долго време. Од овие причини, навистина, сум против оснивасње на овој универзитет најмногу од правна гледна точка,  затоа што ценам дека целиот проект првно е погрешен. И, покрај сите други аргументи што ги слушнавме, кои се против оснивање на овој универзитет јас од правна гледна точка навистина сум против основање на овој универзиртет, затоа што целиот проект кој го засниваме на тој член 198 е надвор од правната теорија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, приврշувјте ја својата мисла, имате утште десет секнди.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСК:

Блгодрам господине претседателе, јас секако приврշувам со својата мисла и апелирам на сите колеги, поготово оние од правната фела добро да размислат уште еднаш што ние ќе донесеме во овој собраниски дом, затоа што одговорноста ќе ја сносиме сите ние. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Како последен дискутант пред пауза е господинот Марјан Ѓорчев, а нека се подготви после паузата, господинот Илија Китановски.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господине министре и преставници на Владата на Република Македонија,

Природата на законот кон што еве веќе по втор пат го гледаме, овде во Парламентот на Република Македонија, како и сложеноста на материјата кој што овој закон ја третира. Начинот на кој што тој се предлагаи методологијата во сите фази, претпроектната фаза, во фаза на проектот, акредитацијата, предлогот на Владата и сето она што претставува актуелната дебата тука, со ограничувањето на тие фамозни 10 минути. Ценам дека несоодветствува со значењето кој што било која образовна посебно високообразона институција во Република Македонија треба да го има за сите млади луѓе кои се определуваат за високо образование, со карактерот на високообразовната институција, со важноста на високообразовната институција и на крај заради погрешниот метод и начин на кој што се спроведува како израз на политичка волја, а не како израз на потреба ќе бидат и ефектите такви какви што се, односно какви што ќе бидат, или онаа народната, кој што сее ветер ќе жнее бура, а тоа ќе значи многу проблеми во работењето на овој облик на државен универзитет во Република Македонија.

Образованието по дефиниција го оспособува човечкиот фактор да го достигне максимумот на максимално интелектуалнот капацитет во одредена област и за таа цел во рамките на даден општествено економски производен однос, со средства на труд и со материјални претпоставки на трудот, треба луѓето кои што пред се предаваат во тие високообразовни институции, а потоа и студентите и оние кои што ќе завршат, треба да бидат на еден начин детерминанти на развојот на Република Македонија. Тоа е општа дефиниција, но потесна дефиниција треба да бидат дека во Република Македонија ние имаме една специфика затоа што образованието и во 2000-та година и во 2001-та година го ставивме во еден пакет, во кој што пакет учествуваше и Меѓународната заедница и оттука некои работи во образовниот систем во целина, а посебно во високообразовниот систем и употребата на јазиците кај нас, покрај можноста да стигнување на оптимален интелектуален капацитет, значат и усогласена рамка за обезбедување на иднината на демократијата на Република Македонија, или преведено, хармоничен развој на граѓанското општество што кај нас се поистоветува со хармоничен развој на мултиетничките односи.

Ние тој хармоничен развој еднаш за секогаш го определивме со измените во Уставот на Република Македонија, некои тоа милуваат да го наречат Рамковен договор, јас ќе го наречам дел од Уставот на Република Македонија и тука

завршува прикаската, фабула акта ест. Во тој дел мислам дека секое натамошно нарушување на тоа што е воспоставено како стандард, унифициран стандард за Република Македонија во високото образование. Зборувам за Законот за високо образование 2000-та година, зборувам за Рамковниот договор точка 6 став 2 и зборувам за уставните измени кои што станаа дел од Уставот на Република Македонија изгласани тука во Македонскиот парламент. Секое поместување или дисбаланс на таа основа, ќе роди проблеми и тие проблеми ќе значат поместување на таа волшебна граница, на гревка меѓуетничка хармонија, која што ја воспоставивме сите заедно, односно во претходниот состав Македонскиот парламент. При тоа, со значителни усилби на крупни политички би рекол партии во Република Македонија кои што заедно решија, со помош на Меѓународната заедница дека треба така да биде и чинам дека овој, би рекол во секоја фаза имперфектен проект ќе предизвика многубројни проблеми пред се за оние кои го предлагаат, потоа за нас кои ќе го усвоиме, ако се усвои, јас се надевам деак ќе победи свеста дека можеме на друг начин да го решиме овој проблем. И на крај, за оние на кои што овој проект им е наменет, тоа е за младите македонци од албанска етничка заедница.

Значи, во сите свои фази, јас спомнав на почетокот дека овој проект е имперфектен и во претпроектната фаза и во фаза на проектот. Во претпроектната фаза јас не слушнав ниту едно објаснување, ниту прочитав некаде дека има усогласување за потребите на реалниот економски сектор за кадрите од овој државен универзитет во Тетово. При тоа, немало усогласување и за другите кадри, од другите универзитети, но барем имаме некоја апроксимативна проценка што од тоа што сега студираат во еден временски период ќе биде завршено и во колкав обем на онаа бројка од 400.000 невработени во Република Македонија ќе им придодадеме уште завршени дипломирани инженери, математичари, правници, економисти, кои што ќе ја зголемат таа бројка, затоа што никој не води сметка какви се потребите на македонскиот реален сектор. Дали тој во овој момент има потреба од економисти, од правници, од луѓе во комунистичките науки и на таков начин уште во претпроектна фаза да утврдиме дека ако има потреба тогаш тоа ние треба да го завршиме на начин како што предлага сега Министерството за образование на Република Македонија.

Но, бидејќи тоа не е направено, тогаш доаѓаме до една равенка од три непознати. Малоречански универзитет, државен универзитет во Тетово и Штуловиот универзитет на Југоисточна Европа исто во Тетово. И сега, таа равенка е

обременета со толку многу непознаници, што прераснува во неравенка, а неравенката има стотици, можеби илјаду решенија. Тука се многу проблеми. Како почнал тој универзитет како граѓанска иницијатива, кои студирале таму, колку плаќале, во кои простории се одвивала наставата, како ќе се врши верификацијата на досегашните стекнати знаења. Едноставно, сите тие проблеми упатуваат дека сето ова што се предлага како решение, веќе реков во претпроектната фаза сега ќе говорам за проектната фаза, не нуди соодветен унифициран стандард за македонските состојби, а камоли да понуди унифициран стандард кои што би значел учество на Република Македонија во светските текови на тоа што претставува глобален свет и потребите на тој глобален свет кој што знаеме каде е капиталот, знаеме кои се големите компании, кои ги диктира работните места, како тие се отвораат. Тука Република Македонија мора да се прилагоди ако сакаме ние да одиме напред. Ако и понатаму сакаме во сферата на имагинарното, во сферата на идеите, во сферата на мотивите, во сферата на желбите и би рекол романтизмот во Република Македонија да одиме, тогаш ќе се соочиме со тоа тие млади луѓе да бидат жртви, наши жртви, а не да бидат корисници и да имаат бенефит од она што ние како Парламент тука го гласаме. Едноставно и во фазата на проектот, каде што во член 40 точно се наведува кои се тие стандарди. Еден од тие ќе кажам, опрема и наставни средства за вршење дејност, што одговараат на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност. Ние и во другите универзитети немаме такви стандарди, во светот на она што претставува денес тренд, значи информатиката и менаџментот, дали во технолошкиот менаџмент, дали во финансискиот, она што претставува кибернетскиот менаџмент. Нас и на Универзитетот во Скопје и во Битола, а најповеќе во Штуловиот универзитет имаме некој прогрес, но најмалку во овој државен универзитет во Тетово ќе имаме можности младите луѓе да ги упатиме во она што претставува модерен свет, тоа што претставува порака да се живее во 21-от век.

Оттука, јас морам да бидам против овој универзитет, затоа што тој е безнадежно застарен. Тој ќе направи млади пензионери, тие завршени, диплонмирани граѓани на Република Македонија, македонци од албанска етнички заедница и тие со такви дипломи, прво не ќе можат да се вклопат во рамките на Република Македонија, да се интегрираат. Никој нема во Кавадарци или во Гевгелија да им ја побара таа диплома. Тоа се факти. Тие не можат да бидат интегриран дел на македонското општество. Тие ќе бидат на еден начин издвоен дел, а камоли да се вклпат во она што претставува модерен, глобален свет,

потребите на тој свет, она што веќе реков дека е тренд, компјутроника, информатика, менаџмент, за кои што на овој државен универзитет во Тетово, како што се замислува, неможе да стане збор во тие простории, во узурпирани простории во салата во Тетово или во некои објекти дадени под закуп кои не ги исполнуваат ни стандардите, елементарните услови за вршење можеби на средно, а да не зборуваме за високообразовна институција.

Оттука, не може да превладее секогаш политиката во животот. Таа е во сферата на имагинарното, а во сферата на реалното ние треба да носиме реални, конструктивни решенија. Конструктивното решение во Република Македонија е дадено. Тоа е веќе апсолвирано, веќе реков и од политичка димензија и од димензијата на она што претставува реалност во високообразовната институција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Привршете ја дискусијата господине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам господине претседателе. Имаме можности, оваа равенка да ја решиме на начин кој што ќе значи елиминација на политиката и чекорење по пат кој што е потврден тука во Република Македонија од македонските политички субјекти и од Меѓународната заедница.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Значи, објавувам пауза до 15,оо часот.

Само за ваша информација. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ побара еден саат плус поради нивните партиски активности и затоа ќе продолжиме во 16,оо часот.

Благодарам.

(Пауза од 13,55 часот)

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 16,оо часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Илија Китановски, а нека се подготви господинот Блаже Стојановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги, претставници на Министерството,

Во ова мое излагање најпрво би сакал да истакнам некои факти кои досега на еден или на друг начин беа споменати, но не беа до крај разработени. Македонската јавност, а и сите ние сеуште сме под импресија од оние ноќни сеанси во Парламентот, кога почнавме по малку да наликуваме на ноќниот совет на Платун од неговите утопистички идеи.

Имено, познатиот филозоф сметам дека ноќниот совет може да изнајде убави, добри и полезни идеи. За жал, тоа кај нас не беше случај, затоа што Владата наместо да прифати убави, добри и полезни идеи, повторно ни го враќа овој веќе извикан закон, без ниту една, макар и формална измена, за во една осакатена парламентарна расправа и процедура да биде наметнат и донесен со еден вид парламентарна мајоризација на мнозинството над малцинството, без воопшто да се земат во предвид бројните аргументи на опозицијата и на огромен дел од македонската академска јавност.

Ќе се обидам да образложам некои од тие аргументи.

Прво, со основање на државен универзитет во Тетово, во кои ќе влезат четири или пет од постојните факултети од малоречанскиот парауниверзитет. Не се решава прашањето на високото образование на албанците од повеќе причини.

Прво, затоа што останатите факултети со стотици студенти ќе останат и понатаму нелегално да функционираат или во рамките на малоречанскиот парауниверзитет, па затоа со Штуловиот, ќе имаме три универзитети во Тетово, што ќе признаете, е навистина нон сенс без преседан во Европа.

Втор аргумент е секако квалитетот на образованието, а посебно на високото образование. Само со квалитетно и сериозно образование Македонија како држава може да ги оствари своите стратешки определби, односно влегување во евроатланските асоцијации, пред се Европската унија и НАТО. Не треба да се залажуваме дека меѓународните претставници не ја следат состојбата и на овој план и дека токму вакви законски проекти во иднина нема да ни станат понатамошна пречка на патот кон европската интеграција на нашата земја.

Денес, сите луѓе, сите наци претендираат на квалитетно образование. Сведоци сме и самите дека голем број македонци и албанци го оформуваат своето високо образование на универзитети во Грција и други европски земји, а дел и во САД и тоа на англиски јазик. Зошто го прават тоа кога имаат можност да се школуваат на мајчин јазик на универзитетите во Македонија. Исклучиво и само заради добивање поквалитетно образование и постигнување на поголем успех во кариерата, како и приближување кон своите колеги од Европската унија. Во овој правец голем број источноевропски земји од бившиот социјалистички блок дел од квалитетните ученици ги праќаат на државен трошок да се школуваат на најпрестижните европски универзитети за да тие скапоцени искуства кои ќе ги добијат таму ги пренесат во своите земји и на тој начин дадат свој придонес во приближувањето на нивните земји кон Европската унија.

Сигурно дека во Република Македонија најголем чекор напред во квалитетното високо образование по европски стандарди е формирањето на универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, таканаречениот Вандер Штулов универзитет со кој албанците во Република Македонија и не само албанците, туку сите нејзини граѓани треба да се гордеат. Сметам дека ваквиот европски признат универзитет со право на школување на англиски, албански и македонски јазик, треба да се негува , надополнува и доизградува, а не да се оди на решенија кои нудат враќање назад. Она што сепак е најважно при процедурата и донесувањето на овој закон, е фактот дека прашањето за нов универзитет пред се и над се е стручно прашање, односно прашање за кое најкомпетентна е сепак академската заедница и во секое вистинско демократско општество вакви високостручни прашања несмеат да станат предмет на гола политичка одлука, или дневно политички пазарења.

Почитувани пратеници, ниту една политичка гарнитура го нема правото самоволно да донесува политички одлуки за формирање, или за затворање на академски институции без да го чуе гласот и стручното мислење на академската заедница.

Пред мене ги имам заклучоците на ректорската управа на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје, потоа ставовите на Универзитетскиот сенат на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”, два највисоки академски органи на најголемиот Универзитет во Република Македонија како и заклучоците на наставно - научниот совет на Природно - математичкиот факултет во Скопје. Овие заклучоци и ставови на македонската научна и академска елита, или на добар дел од неа, во добар дел коинцидираат со ставовите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, со

ставовите на опозицијата во дискусиите околу овој закон. Дозволете ми да парафразирам и образложам некои од овие ставови и заклучоци, а дел од нив и да цитирам.

Имено, Ректорската управа на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” на својата седница од 23 декември 2003 година одржала академска расправа за високото образование и донела неколку заклучоци.

Во првиот, Ректорската управа изразува револт на начинот на кој се настојува да се основа трет државен универзитет без при тоа до крај и транспарентно да се почитуваат одредбите од Законот за високото образование, а особено да се има соодветни просторни услови, како и опрема за остварување на наставно образовната, научната и стручната дејност на што во сите досегашни дискусии укажуваа колегите пратеници од опозицијата.

Потоа, да се има потребен број на лица кои ги исполнуваат условите за избор во наставно научни, научни, наставни и соработнички звања.

Вториот и третиот заклучок од седницата на Ректорската управа ќе ги цитирам во целост:

“Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје се залага при основањето, развојот и ширењето на нови универзитети во Република Македонија да се поаѓа од образовните, научните и културните потреби и цели”.

А не од политички, етнички, партиски и тесно парцијални интереси.

Заклучок број 3 цитирам: Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје смета дека решавањето на проблемот со добивањето на дипломи на студентите кои посетувале настава во граѓанската иницијатива на таканаречениот универзитет во Мала Речица треба да биде во рамките на постојните универзитети во Република Македонија со изнаоѓање соодветно взаемно прифатливо решение.

Во четвртиот свој заклучок, кадровската управа на универзитетот инсистира на децидно исполнвуање на одредбите од Правилникот за нормативите и стандардите за вршење на високо образовна дејност и на Упатството за обезбедување и оценување на квалитетот на високо образовните установи и на академскиот кадар кои се вработени со цел да им се обезбеди на студентите препознавање и признавање на нивните дипломи од државните универзитети во Европа и во светот, а не истите да се девалвираат со отворање државен универзитет без препознатливо академско јадро, академска култура и академска атмосфера. Завршен цитат.

Исто така, во дел од своите заклучоци ректорската управа и универзитетскиот Сенат предлагаат дел од средствата од Буџетот предвидени за финансирање на малореченскиот универзитет..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршете ја реченицата .

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Да се употребат за подобрување на студентскиот стандард и за подобрување на техничко-технолошкиот и наставно образовниот процес на двата државни универзитета . Во оваа насока универзитетскиот Сенат при Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во своите ставови бара ургентно да се зголеми стандардот на студентите кое на мизерно ниво.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Китановски.

Реплика има г-динот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе во интерес на јавноста, јас незнам дали Ректорската управа ќе се гордее што има исти ставови како ВМРО-ДПМНЕ, или како што беше кажано од страна на пратеникот, но сакам да кажам ниту во заклучоците на Ректорската управа, ниту во заклучоците на Сенатото што ги имам јас , никаде не станува збор за малоречански универзитет. Да не се лаже макеоднската јавност, тој збор не е употребен ни во двата документа. Благодара.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За контра реплика се јави г-динот Илија Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Во заклучоците од седницата на Ректорската управа, значи точка 3, Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје смета дека решавањето на проблемот со добивањето на дипломи на студентите кои посетувале настава во граѓанската иницијатива на таканаречениот универзитет во Мала Речица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам немојте да дофрлувате.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

И во дискусијата истото го кажав,незнам зошто е репликата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика си е реплика, вие се дообјаснивте за контра реплика.

Повелете г-дине Блаже Стојаноски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сакам да истакнам едно наше гледање на ограничувањето на дискусиите во овој Парламент.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, почитуван претседателе,

Во досегашните дискусии од пратениците од власта, постојано се истакнува еден ист начин на третирање на прашањето за основање на Тетовскиот универзитет, а тоа е дека ако не се донесе овој закон, тоа ќе значело голема штета за Република Македонија , дека тоа директно ќе се одразило на правата на албанците во Република Македонија , дека за македонската економија која плаќала за кадрите кои ќе произлезат од Правниот факултет, од Економскиот факултет, од Факултетот за хуманистички науки и уметности, од кадрите кои ќе произлезат од Центарот за политехнички студии, или од Природно математичкиот факултет претставуваат неопходност за оваа економија на Република Македонија. Но чудно е зошто колегите од власта не зборуваат колку има невработени правници, колку има невработени економисти, или колку има невработени од другите факултети кои се предлага да се основаат со овој закон и да влезат во овој универзитет. Или тоа ќе го решат на ист начин, како што прават во државната администрација и во јавните претпријатија и установи. Ќе отпуштаат макеоднци, на нивно место ќе примаат албанци. Затоа што правата за егзистенција и работа на албанците биле поважни од правото на работа на македонците. Затоа што албанците со насилство стигнаа до Рамковниот договор , а макеоднците треба секогаш да внимаваат дали некои албански радикали , кои од терористи станаа борци за човекови права и како такви правдољупци влегоа во коалиционата Влада на Али и Бранко, повторно ќе оценат дека имаат нарушени права.

Економскиот бум во 2004 година влезе во својот 20-ти ден. Секако дека овој татнеж треба да донесе нови работни места кои приоритетно ќе им бидат дадени на

албанските студенти кои страдале на малоречанскиот универзитет од 1994 година до сега, а нивната стручност не можела да дојде до израз.

Но бидејки бројот на овие студенти е недоволен, поради големата побарувачка на кадри од ваков вид на пазарот на трудот, која побарувачка исклучително се зголеми со примената на Бранковиот закон во минатата година, се предлага формирање на нов универзитет, после Штуловиот и после Малоречанскиот, кој продолжув аи понатаму да функционира како нелегален.

Во однос на ова прашање, Одборот за акредитација има дадено мислење кое што беше спомнато и на седницата која се однесуваше на Предлог законот за основање на Тетовски универзитет, трет државен универзитет кој што го имавме како точка на дневен ред во минатата година, меѓутоа, очигледно СДСМ и Владата на СДСМ и ДУИ, многу брзо ги заборавaат искажаните работи , па како што заборавија дека во 1994 година тоа беше насилен начин за основање на универзитет, така сега заборавија дека само пред 10 дена ни предложија закон со ист ваков текст и сега повторно ни го ставаат на дневен ред на Парламентот, мислејки дека сите оние дискусии кои што ги имаше Парламентот и сите оние аргументи кои што ги даваше опозицијата се само зборувања од оваа парламентарна говорница и не треба никој да ги слушне, туку тие треба да си го изработат она што им е дадено како задача, а тоа е да го донесат овој закон за основање на Тетовскито универзитет, без притоа да искажат барем еден аргумент за тоа што со оние факултети, кои што остануваат нелегализирани, што со студентите кои што треба да им се признаваат допрва тие сертификати за знаењето, по која програма учеле тие студенти во претходниот период, кои се просторните можности за сместување на овие студенти, каде ќе се вработуваат студентите од овие факултети, во кои економски сфери се јавува исклучително зголемена потреба за ангажирање на кадри од ваков вид, или сето ова не е важно, важно е само да има ДУИ свој факултет, тие да бидат онаа партија која што ќе каже дека ДПА го формира Штуловиот универзитет, меѓутоа, тој е само приватен кој што треба да помине по една или две години на државни јасли, сега тие основаат нов кој што треба допрва да се легализира, да се оформи како таков, малоречанскиот универзитет кој што диво егзистирал сеуште продолжува да егзистира диво и така ќе си имаме постојано нерешени прашања, кои ќе бидат постојано теми за политички манипулации од партиите на власт.

Меѓутоа, се заборава само едно дека со овој Предлог закон не се решава прашањето на правото на високо образование на албанците. Доказ за сето ова ви се

сите овие дискусии што ги имавте и вие  и албанскиот претставник кој што сигурно има поголем легитимитет од ДУИ, а тоа е партијата ДПА, затоа што факт е дека 60 милијони евра колку што се вложени во Штуловиот универзитет не можат да бидат фрлени во ветер, а  2,5 милијони евра, колку што вие велите дека вложувате во Тетовскиот универзитет, кој што сега е во основање, претставуваат само основа за понатамошни ваши притисоци кон ова Собрание, а пред се простор за политички договарања со вашиот коалиционен партнер Бранко Црвенковски, кој што единствено за да остане на валст мора да ги слуша вашите уцени и условувања.

Јас би поставил и едно друго прашање. Кога зборуваме само за високото образование на албанците, зошто тогаш зборувавме за унитарна Македонија, зошто тогаш зборуваме за Република Македонија како државна целина, ако не се земат предвид кадрите кои што произлегуваат и од сите други универзитети во Република Македонија , зошто не се земаат предвид кадри кои што остануваат без работ аи покрај тоа што имаат завршено студии на овие универзитети. Зошто не зборувате ни еден збор за условите во кој што живеат сегашните студенти. Зошто еден збор не кажавте на пример да се подобрат условите во Штуловиот универзитет, да се вложат државни средства таму, со цел да се изготви уште поквалитетно образование на албанците во Република Македонија. Значи вам ви е едниствено важно да ги задоволите вашите политички потреби , односно да има што да им зборувате на вашите гласачи во Тетово и во другите краишта каде што живеат албанци. Меѓутоа на овој начин не се води политика, на овој начин не се креира долгорочна политика, особено со тоа што ќе цитирам и едни работи кои што беа изнесени во интервјуто на г-динот минситер Азис Положани во Дневник околу Нова Година, каде што децидно тој вели: Во една пригода најавивте можно преселување на некои студиски програми и надвор од Тетово, во Струга, Охрид, Политехничката школа во Скопско, најверојатно во Сарај. Зошто? Тогаш министерот одговара дека затоа што не нможел секој град да поднесе одреден број студенти и соодветно инфраструктурно да одговори на нивните потреби. Значи Тетово единствено може, покрај Штуловиот универзитет да поднесе и друг универзитет, а овој универзитет кој што сега е предмет на оснвоање,не можел да биде стациониран во еден град, туку требало да биде тоа дисперзирано во повеќе градови.  А тоа во однос на социјалната димензија која што ја наведува минситерот значело приближување на образованието кон разни слоеви на општеството. Со еден збор, било поефтино бидејки не било исто да се студира од Скопје во Скопје, или од Струга во Скопје.

Исто така, на прашањето кои програми ќе бидат надвор од Тетово, министерот вели дека тоа сеуште не било утврдено ив ели дека мислел дека Политехничката школа ќе требала да биде во Скопје, а подоцна би можело да се размислува и за Југ, Струга или Охрид,  иако тоа не би требало да значи дислокација на делови од Тетовскиот универзитет, туку можеби некакво комбинирање со постојните. На пример Факултетот за туризам во Охрид.

Исто така, во однос на прашањето за основањето на уште еден државен универзитет во Штип што беше иницијатива на ВМРО-ДПМНЕ, минситерот вели дека тоа требало да се промовира прво низ институциите на самиот универзитет, а дури потоа требало да се разговара на оваа тема.

Господа пратеници зошто за основањето на државен универзитет во Тетово,не се помина низ институциите на останатите универзитети и да се проанализира колку кадри продузираат тие универзитети, какви факултети постојат таму, па да видиме што е она што ни е потребно како Република Македонија , а не како Тетово, Гостивар, Дебар, Куманово, или незнам кои други места, затоа што на тој начин само продолжувате да зборувате за двојни аршини во однос на Република Македонија. Еден е аршинот кога се работи за градовите каде мнозинство е албанската популација, а сосема имате друг аршин кога се работи за универзитети каде што студираат студенти од макеоднската национална припадност.

Ви благодарам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафиловски бидејки вие веќе зборувавте, повелете г-дине Ѓорѓе Паљошкоски, вие не сте зборувале.

Ја повикувам Комисијата за деловнички прашања да се повлече за пола саат да го толкува членот дали е во духот и дали е логично да се реплицира на самиот себе.

Давам половина час пауза, а Комисијата за деловнички прашања нека го толкува Деловникот, нека даде мислење.

(По паузата седницата продолжи во 17,35 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Писмен извештај на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања ќе биде доставен во текот на седницата.

Го молам известителот на Комисијата да ги прочита заклучоците.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

На барање на претседателот на Собранието, Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања одржа седница, на која расправаше во врска со барањето за давање мислење за примена на одредбите на членот 86 од Деловникот, во врска со тоа дали пратениците од иста пратеничка група и иста политичка партија имаат право на меѓусебни реплики.

Комисијата со 7 гласови "за", 2 "воздржани" и без ниту еден "против" ги донесе следниве заклучоци, а истите ќе бидат писмени доставени до Собранието во форма на извештај.

1. Деловникот на Собранието на Република Македонија не предвидува и не прави разлика кој пратеник на кого може да реплицира во расправата.

2. Комисијата за Деловничко и мандатно имунитетни прашања начелно смета дека реплицирањето меѓу пратеници од иста пратеничка група не се применува често во работата на Собранието, бидејќи по правило пратениците од иста политичка партија или пратеничка група застапуваат во Собранието исти или слични политички ставови.

3. Комисијата за Деловничко и мандатно имунитетни прашања му предлага на претседателот на Собранието на Република Македонија да му го одземе зборот на пратеник доколку процени дека пратеникот ја злоупотребува одредбата од членот 86 од Деловникот и притоа со својата реплика не исправа неточно изнесен навод, нарочно предизвикал недоразбирање или потреба од лично дообјаснување.

Тоа се заклучоците на Комисијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас можам да го применам последниот заклучок, но еве, ќе бидам демократа и г. Трендафилов и г. Спиро Мавровски, вие сте двајцата на кои ќе им дозволам да дадам реплика на своите. Повеле, од три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Членот врз основа на кој сега ми давате збор подразбира дека може колега од иста пратеничка група да биде дополнет и јас тоа право ќе го искористам на

излагањето на г. Стојановски во врска со тезите кои ги изнесе за начинот на кој се применува политиката во вработувањето, особено во јавниот сектор.

Тоа што тој го зборуваше теоретски, јас сакам да го поткрепам со, би рекол релативно свежи примери. Станува збор дека во овој момент, иако безбедносните служби во Министерството за одбрана имаат обврска да ги проверат лицата кои се вработуваат во Министерството за одбрана, во Воената болница е вработено лице за чија диплома истите тие служби имаат доставено информација дека таа е фалсификувана. Тоа сега сеуште работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, господине, сега можам да ви го одземам зборот бидејќи тоа баш и нема никаков контекст во однос на она што го зборуваше г. Стојаноски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господинот Стојаноски зборуваше за рестриктивноста на условите при кои кандидатите може да се вработуваат во јавните установи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За фалсификувани дипломи - ве молам, јас покажав голема коректност и демократичност, ве молам вие тоа да го почитувате. Инаку, ќе ви го одземам зборот според третиот заклучок на Комисијата. Продолжете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Исто така, околу одредени најави кои ги кажувавме каде просторно можеби би бил сместен нелегалниот малоречански универзитет, доколку Собранието благодарение на владиното мнозинство даде поддршка на овој т.н. законски проект, веќе истите извори за кои пред малку зборував велат дека веројатно дел од малоречанскиот универзитет не е исклучено да биде сместен во Касарната во Тетово, додека во објектите кои се сопственост на “Тетово Табак” и за кои сеуште постои спор, а да потсетиме дека тие насилно и со оружје сеуште се узурпирани, таму веројатно ќе продолжат да работат оние факултети кои нема да поминат со законот за формирање на трет државен универзитет. Значи оние 5-6 факлтети, кои ќе останат и понатаму непокриени со овој законски проект, својата работа ќе ја продолжат во просториите сопствено на “Тетово Табак”. Впрочем, тоа се факултетите, медицинскиот факултет на пример да го спомениме, затоа што

предупредувавме уште од самиот почеток на оваа иницијатива што Владата се обидува да ја истурка во Собранието дека проблемите и прашањата допрва ќе се отвораат и дека овој обид на Владата на господинот Црвенковски ќе предизвика дополнителни проблеми не само во образованието, затоа што ова не е образовен проблем, ова е пред се политичко прашање кое истата таа Влада сака да го истурка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски три минути.

Тука го користам третиот заклучок, контра реплика не давам.

Повелете господине Спиро Мавровски за реплика. Имате три минути за реплика, а третиот заклучок го користам да не се дава контра реплика на пратеникот од вашата пратеничка група.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Јас мислам дека во делот каде што г. Стојаноски објаснуваше за финансиите кои ќе бидат обезбедени за работењето на малоречанскиот универзитет, тоа се два милиони евра кои неколку пати ги слушнавме и кои се предвидени во буџетот, Буџетот е донесен, законот за формирање на тетовскиот универзитет сеуште не е. Синоќа слушнавме нова информација дека тие средства од така наречениот, затоа што цело време зборуваме само за така наречени, во случајот и т.н. ректор на универзитетот во Мала Речица Фадил Сулејмани дека тие 40 милиони евра, и покрај сите настојувања дека со формирањето на овој универзитет останатите два универзитети во Република Македонија нема да бидат загрозени, наредното е сите средства од околу 40 милиони евра во Буџетот на Република Македонија да бидат поделени рамноправно на трите универзитети и колк што можам да разберам, тоа е 1/3 или 33,33%. Дали тоа ќе се одзема, ќе се дадава или како ќе оди понатаму, колку ќе има студенти од другите националности во Република Македонија, ќе треба да видиме.

Другото што г. Блаже Стојаноски не го кажа, тоа е дека по сите правила за високото образование и она што е добиено како директива од универзитетот, каде што за секој студент треба да бидат обезбедени 3м$^2$ , јас мислам дека такво нешто во онаа програма што ја понуди министерот воопшто не постои, затоа што таму се работи за 800м$^2$ , но сеуште до денес не слушнавме кој ќе биде бројот на студентите, колку студенти ќе бидат запишани и колку дополнително треба да се пријават, за што треба повторно да одлучува Владата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Нема 5 минути господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви го одземам зборот затоа што не зборувате за дополнување.

Господине Ќуркчиев, имате реплика.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван претседателе, јас ќе зборувам од говорницава, бидејќи имам реплика на претходниот дискутант, а не од место заради тоа што може да помине некој и да ми ја украде картичката, а тоа не е само технички детал, туку одземање збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ќуркчиев, ве молам на репликата задржете се.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

А збор имате само вие да одземете.

Почитувани колеги, настапот на претходниот дикутант како впрочем и на сите колеги од опозицијата, изобилува со ретроактивен опортунизам, со игнорирање на реалноста и генерирање на бесперспективност за сметка на наводните национални, а пред се би рекол внатре партиски преокупации. Дефинитивно, преку ваквите жолчни напади опозицијата потврдува дека дивиот т.н. паратетовски или малоречански параунниверзитет како проблем егзистира не само заради образовни, туку и заради политички потреби и тоа потреби за политичко опстојување не само на неодамнешната власт, сегашна опозиција, и од македонскиот и од албанскиот блок, туку и на сите директно инволвирани самопрогласени протагонисти во целата оваа работа.

За вас, дами и господо од опозицијата, зад вашата наводна грижа за условите и стандардите на високото образование на младите албанци, зад вашата наводна грижа за наменско трошење на скудните буџетски средства, зад вашата наводна грижа за стандардот и проблемите на целата фела од образованието во Република Македонија, повеќе од очигледно е дека прашањето за основање трет државен

универзитет не претставува ништо повеќе од можност со навидум легални политички средства да манипулирате со еден идеален генератор на кризи во моментите кога ќе почувствувате дека тоа е политички потребно. Да не беше така, ќе ја искористевте можноста и од позиција на власт ќе го затворевте ова прашање, по што денес немаше ниту вие ниту ние да дискутираме за него. Не би сакал да верувам дека нема никаква поука од настаните чија генеза еве нека датира и од 1997 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Меѓутоа, очигледно е ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ќуркчиев, благодарам.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Уважен претседателе, дали може да ја завршам мислата?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршете ја реченицата.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Повеќе од очигледно е дека вам колеги од опозицијата конечното затворање на легален начин на ова прашање ... (реакции).

Колеги од опозицијата, јас излегов со беџот кој што го носите вие. Токму од вашето свирење и тропање не можеме ни ние да дојдеме до збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ќуркчиев, поминаа 3 минути, ве молам. Ако некој друг не почитува, барем ние да почитуване, ве молам.

Господине Блаже Стојаноски, повелете една минута контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас сакам да му одговорам на колегата Ќуркчиев. Вие на сите нас ни ги одземавте картичките со одземањето на зборот. Значи, не можете да зборувате за одземање на картичка.

А јас би ве прашал дали се согласувате со факултети кои би се отвориле само на албански јазик во Струга, Охрид и Битола? Дали мислите дека со овој закон целосно го решавате прашањето на високото образование на албанците или создавате нови идни меѓуетнички проблеми поврзани со ова право на високо образование на албанците.

А само да ве потсетм, во 1994 година вие го создадовте овој проблем, кој од журка стана забава, чиј сегашен дис џокеј е Владата на Бранко Црвенковски, односно вашата Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, господине Каме Петров процедурално.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван господин претседателе,

Денешнава седница на Собранието на Република Македонија, со оглед на многубројните паузи мислам дека не беше многу продуктивна. Продолжува политизацијата и исцрпувачките дискусии.

Затоа, предлагам согласно член 64 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија работата на денешнава седница да продолжи и после 18,00 часот.

Молам предлогот да се постави на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате ли поддршка од 10 пратеници. Ова е деловнички и јас морам веднаш да одговорам.

Го ставам на гласање предлогот на г. Каме Петров.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, 51 пратеник гласал за, 1 воздржано и 3 против, а во салата се присутни 65 пратеника.

Донесовме одлука да продолжиме со работа и после 18,00 часот.

Повелете процедурално г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Процедурално би сакал да ја повлечете одлуката, бидејќи во текот на денот неколку пати сугериравме, денес е Свети Јован, православен празник, до Велигден

немаме ниту еден православен празник во работен ден. Многу луѓе го слават овој празник и ние сакаме да го чествуваме. Затоа, би требало да ни ја ускратите таа можност и денес после 18,00 часот да работиме. Впрочем, паузите беа нормални, дали поради Комисијата, дали поради нашите партиски активности кои беа нормални. Затоа барам да се има разбираме да се дозволи после 18,00 часот да не работиме, се во име на празникот Свети Јован.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, тоа веќе го изгласавме и не зависи од мене туку од мнозинството.

Има збор г. Аднан Ќахил.

(Пратеникот Спиро Мавровски бара збор процедурално).

Повеле, ако имате предлог.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, уште еднаш ќе ве замолам. Тука за ефективноста на овој Парламент и работењето на Парламентот 30 дена работевме до 16 часот. Се пропуштија 4 или 5 цели седници. Ако денес не работиме после 18,00 часот нема да се случи ништо. Јас мислам дека господата или не знаат што прават, Господ нека им е напомош, денес е голем празник...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, тоа не е процедурално, ви го одземам зборот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Денес е голем празник, претседателе, не играјте. Нема што да ми го одземете зборот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам најделовнички беше даден предлогот, се усвои и ве молам да не правите така.

Повелете г. Аднан Ќахил.

(Реакции).

Ќе го ставиме предлогот на гласање само за да се задоволи вашето барање.

Предлогот го ставам на гласање да не се работи после 18,00 часот.

Ве молам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале 77 пратеници, за предлогот гласале 21 пратеник, воздржан 1, против 55 пратеници.

Значи предлогот не е усвоен.

Има збор господинот Аднан Ќахил.

Ова е прв пат негова дискусија.

АДНАН ЌАХИЛ:

Мислам дека ми е прв пат дискусијата. Ако сметате дека не треба да зборувам, кажете нема да зборувам и нема да реплицирам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван господине министер, водејќи се од основните демократски принципи карактеристични за сите модерни европски држави, сметам дека образованието заедно со здравството претставуваат основни цивилни столбови на секоја нормална правилно формирана и држава на здрави темели. Исто така, тргнувајќи од сите цивилизациски придобивки и специфики на модерните општества во целост сметам дека постојат определени карактеристични стандарди неопходни за исполнување на основните потреби на секоја целна група во општеството, сите понатаму заедници. Во рамки на конкретниот проблем легализација, или основање на тетовскиот универзитет постојат огромен број аномалии кои што во ниту еден момент не можат и не смеат да бидат занемарени пред се заради фактот што истите се неопходно потребни за единствена, успешна и целосна реализација на еден вака гломазен и пред се чувствителен проект. Затоа овој закон беше повлечен со образложение дека се потребни дополнителни консултации и доработка . Мислев дека моите, или нашите позитивни предлози ќе бидат прифатени, или пак инкорпорирани во овој предлог-закон. Но, тоа не се случи. Не се случи од причини што мене не ми се познати, иако цело време тука се заговараше една теорија дека сите добронамерни дискусии ќе бидат прифатени, сите добронамерни предлози ќе бидат прифатени, но очигледно дека таквото нешто не се случи затоа што ни дојде на дневен ред на Комисијата за образование и овде во парламентарната расправа закон кој од точка до запирка е ист и се пресликува онака како што си е. Очигледно дека не се водело сметка и грижа за добронамерните сугестии кои беа во правец да се подобри законот во контекст на подобрување на целиот проект. И затоа би сакал да кажам неколку аргументи во врска со ова. Требаше и мораше Владата и господинот министер да ги согледаат сите тие предлози. Имено тука пред мене, сега и точно покажав дека има

предлози и сугестии од Сенатот на универзитетот во врска со овој предлог - закон, потоа заклучоци од ПМФ во врска со овој предлог на закон, иако генерално не можат да се сведат дека сите тие заклучоци се лоши, дека овој закон не е добар, дека е во правец на забрана. Овие предлози, сигурно меѓу тие предлози има и добронамерни кои ќе го обогатат терминолошки овој закон и содржината на овој закон. Она што најповеќе можеби се дискутираше во овој период е тоа што дали Одборот за акредитација дал одобрение, мислење и во кој правец. Иако сметам дека Одборот за акредитација даде едно мислење, тоа не беше одлука, тоа не беше сугестија, туку мислење во кој правец треба да се движат работите да се корегираат некои состојби кои би требало да вродат со плод, да имплицираат на подобра ситуација на законот. Јас нема да зборувам за тоа, туку ќе кажам мислење од ПМФ, една од точките што всушност вели за мислењето од Одборот за акредитација.

Во точка 11 од ПМФ кое е испратено и до пратеничките групи и до Владата и до министерот вели вака: законска обврска за акредитација прво да се направи на високо образовните институции кои веќе постојат повеќе од 50 години во високообразовниот систем на Републиа Македонија, притоа да се почитуваат сите постојни законски норми. Потоа да се пријде кон акредитација на нови високообразовни институции при што повторно ќе се внимава на сите законски неопходни услови: финансирање, кадар, опрема, простор. Сите тие процеси на евалуација, надворешна евалуација и акредитација на постоечките и на можните нови високообразовни институции да се достапни на јавноста. Мислам дека ова имплицира, кажува дека овој закон во самата фаза на подготовка и она што следеше потоа не беше достапен на јавноста, на широката јавност за расправа за свои добронамерни сугестии, за сугестии во правец како би требало да се подобри текстот. Јас во овој дел нема да дискутирам повеќе, затоа што требаше Владата да ги има предвид сите овие сугестии кои впрочем стигнаа до пратеничките групи до Собранието и до релевантните структури во писмена форма и тие, мислам дека длабоко сум убеден дека ако ништо повеќе законот кога се повлече требаше барем да се имаат предвид  овие укажувања да го подобри текстот, ако не и законот да даде поцелосно објаснение, резиме во врска со овие прашања.

Она што јас во другиот дел сакам да кажам онолку колку што времето дозволува што неколку пати тоа го укажав и кажав, иако некому од Парламентот му беше досадно дека јас често пати повторувам, а тоа е потребата да се студира, да учат и другите заедници во Македонија и дека потребата на високо образовани ги тангираат и другите заедници во Република Македонија. Мислам дека тоа е насушна

потреба и мислам дека како што господинот министер на самата Комисија кажа дека, вашите аргументи и факти не ме убедија за спротивното и она што господинот министер во расправата во комисиите кажа дека овој закон не е само за албанската заедница, дека е и за другите заедници, во она што јас потоа можев да чујам од оваа говорница, не ме убеди дека овој закон и основањето на овој универзитет ќе ги тангира и другите заедници. Па ќе повторам, дека не сум против, ниту можам да бидам против за образование, за високо образование на албанците на албански јазик, дека е тоа насушна потреба. Но како што е насушна потреба да се учи на албански јазик, да имаат свој универзитет, мислам дека насушна потреба е да имаат и другите заедници да учат на свој јазик. Токму во овој правец е мојата дискусија, затоа што господинот Абдулади Вејсели дословно кажа дека овој универзитет е на албански и на албанците. И никој не реплицираше, а имаше обврска господинот министер да каже дека овој универзитет во иднина како што објаснуваше ќе биде дел и од заедниците како што јас исто така ден денеска сакам да биде на тој начин имплицирано тоа. Мислам дека овој закон да дојдеше на некоја јавна расправа, поширока јавна расправа, да беа вклучени и другите заедници, мислам дека на овој Парламент ќе се постигнеше консензус за формирање, основање, или на легализација на овој универзитет ќе беше во тие правни рамки. Неможноста, јас не видов никаде во овој предлог-закон дека покрај албанскиот јазик, а во еден дел и на македонскиот јазик како што впрочем со закон се обврзани, дека се предлага дека ќе се учи на соодветен јазик на заедниците. Затоа што во објаснението на законот стои дословно: поради потребата на еднаква и правична застапеност на заедниците, посебно на албанската заедница што е во ред, но очигледно дека во другиот дел, во законскиот дел албанската заедница останува, а другите заедници остануваат за во иднина. Она што беше пракса досега: ќе биде, често пати се случувало тоа, ќе биде, ќе се направи. Но, ако тоа не се предложи со закон да биде регулирано, мислам дека нема да се направи ниту во иднина. Сум на констатација впрочем и другите законски решенија покажуваат дека во Македонија очигледно дека турската заедница и другите заедници се трета категорија на заедници, дека и тие имаат потреба да учат на свој мајчин јазик, тоа го имплицираат и економските движења и потребата од учење на свој мајчин јазик. Мислам дека Владата, а јас го третирам како предлог на Владата, ова е предлог на Владата, никако не го третирам дека е предлог на албанската заедница, туку предлог на Владата и предлогот на Владата мораше да содржи елементи во законот и објасненијата дека и покрај албанската заедница и другите заедници во зависност

од потребите ќе формира определени групи, определени студиски групи заради економскиот интерес, заради националниот интерес, заради интересот на заедниците да учат на својот јазик. Ова што денеска се нуди не го имплицира тоа, не е тоа тоа. Овој закон е донесен за да се оснива, за да се формира универзитет на албански јазик и мислам дека би требало да стои во објасненоето така и тој закон за мене е прифатлив. Но, во објаснувањето да стои на еден начин дека тоа е потребата на заедниците, а во другиот дел тие заедници да бидат едноставно заборавени, мислам дека имплицира на политички договор, на договор што е направен за да се задоволи една категорија, една заедница. Пак ќе повторам на крај дека и тоа мене ми е прифатливо, но треба да се внимава и за спецификите на другите заедници.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министер, како пратеници во Собранието на Република Македонија, како претставници на македонските граѓани наша професионална должност е пред се да се грижиме и да ги заштитуваме интересите на граѓаните, да ги спроведуваме принципите на правната држава, законитоста и демократизацијата на македонската држава. Секое можно отстапување од начелата на правната држава, од конкретнат аимплементација, уставните и законските норми во општеството води кон декомпонирање на државотворноста на македонската држава и нејзината независност и сувереност, а посебно непочитувањето на правните акти хронологирани од Собранието на Република Македонија води кон целосно лишување на правниот интегритет и функционалност на воспоставените правни законски системи во Република Македонија. Сакам да го акцентирам и таквото кршење на принципите на правната држава и со предложениот закон за основање на државен универзитет во Тетово. Имено, со ваквата постапка Владата грубо упадна во образовниот систем на Република Македонија. Владата тоа го прави со отсуство на конкретен концепт и систем, создавајќи еден лажен амбиент за непостоење на адекватно образование на албанската популација. Со таквото кршење универзалните образовни стандарди, образованието повторно се става во позиција да биде само инструмент за дневно политички цели. Никој во Република Македонија нема право да го користи образованието за сметка на политичко профитирање. Сепак, се работи за сфера која бара максимална професионалност и

димензионирање според соверементе стандарди, а не според политичките мотиви и политички пазарења. Секако дека на секоја држава и требаат високообразовни кадри. Никој нема против и припадниците на албанската заедница да бидат добро образовани и интегрирани во општествениот систем низ институциите во државата. Го поддржувам и правото на припадниците на етничките заедници да можат да следат настава на свој јазик и во високото образование, но таквото високо образование мора да се базира на солидни критериуми кои ќе овозможат и вистинско стекнување на знаења. Со овој предлог-закон не може да се согледа дека навистина се почитувани образовните стандарди, туку дека истиот е базиран на непостоење на анализа и брза политичка одлука. Премиерот, но и другите владини претставници укажаа дека сепак Владата немала обврска да го основа тој универзитет, но постоела политичка волја. И затоа е спремна да излезе во пресрет на својот коалиционен партнер. Тука се наметнува уште едно битно прашање. Имено, со признание дека постојат отстапки на Рамковниот договор се отвора простор и можност за нови и нови барања за кои се разбира секогаш ќе има политичка волја. Но, верувајте секогаш и ќе бидат можност за нови радикални тенденции и афинитети во Република Македонија. Рамковниот договор е политички договор, сега веќе е преточен во уставна категорија, но тој мора да се толкува онака како што е потпишан и спроведен, а не да биде интерпретиран во корист на нечии политички мотиви за постигнување на одредени политички ефекти. Од тоа произлегува дека ваквото постапување на Владата не се темели на ниеден правен акт во државата, а таа како извршен орган апсолутно нема никакво право да го дерогира правниот систем во Република Македонија. Рамковниот договор ја даде основната насока по која треба да се одвиваат промените во македонското законодавство, но во никој случај не предвиде истиот да се толкува широко, а уште помалку да се злоупотребува неговата суштина и смисла. Очигледно е дека со таквата политика на девалвирање на предвидените одредби од Рамковниот договор македонскиот образовен систем ќе биде изложен на негативни промени и влијанија кое би имало сериозни реперкусии. Сакам да истакнам дека од правен аспект прашањето на високото образование на припадниците на албанската заедница е решено со донесувањето на законот за високото образование основната карактеристика на овој закон е неговата детерминираност на Уставот на Република Македонија а тоа е со членот 8, членот 44, членот 45, членот 46, членот 48, членот 118 па и други. Овој закон е усогласен со меѓународно прифатените стандарди и конкретните правни акти кои ги третираат образовните права на националните

малцинства. Несомнено постоењето на универзитетот за Југоисточна Европа ги апсолвира проблемите на високото образование на припадниците на албанската заедница. Тој универзитет е создаден со респектирање на универзалните едукативни концепти и меѓународни правни акти. Високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ господинот Макс Ван Дер Штул соработуваше во проектот за создавање универзитет на Југоисточна Европа. Тој универзитет е базиран врз Законот за високото образование на кој исто така соработуваше и господинот Макс Ван Дер Штул и неговите стручни консултанти познати универзитетски професори и адвокати од Англија, Белгија и Швајцарија. Со универзитетот за Југоисточна Европа во Тетово на кој постојат пет факултети и два базични центри лингвистички и компјутерски како и педагошки факултет и кој покрај наставата за предучилишно и основно четиригодишно образование се додаде и настава за образование на професори за предметна настава од петто до осмо одделение и за професори за средно образование, се создадоа услови за квалитетно едуцирање на припадниците на албанската заедница во Република Македонија.

Република Македонија како земја која ги почитува постулатите на демократичност, евроинтеграцијата, крајно одговорно ги оствари барањата и стандардите поставени од ЕУ, ОБСЕ и Советот на Европа. Високото образование во Република Македонија, како во доменот на целокупното образование, така и во однос на малцинските права беше оценето како високо квалитетно и стандардизирано и како такво доби конкретни признанија. Доколку останеме на постулатите на осовременување на македонското образование, треба да ја потенцираме важноста од адекватно приспособување на постојните образовни центри кон модерните светски центри. Треба финансиски да се зајакнат и да се поддржат Универзитетот на Југоисточна Европа и Педагошкиот факултет во Скопје. Основите за тоа егзистираат во веќе постојниот закон за високото образование. Може да се изнајде солиден модус за студентите во тетовскиот парауниверазитет во форма на слободно граѓанска иницијатива и целокупниот наставно научен кадар. Постои можност за интегрирање на образовните центри во Тетово базирана на експертски анализи, сугестии и меѓународно правни концепти, основањето на Универзитетот на Југоисточна Европа беше под директна обсервација на ЕУ, ОБСЕ, Советот на Европа, кои со непроценлив придонес работеа на стандардизација на македонскиот образовен систем со современите светски образовни текови. Тие позитивни искуства и анализи на меѓународните тимови треба адекватно да се искористат и да се имплементираат во креирање на правото на малцинствата на

мајчин јазик во Република Македонија по терк на меѓународните образовни категоризации. Секое друго парцијално решавање на проблемот на тетовскиот парауниверзитет надвор од законските и уставните рамки за добивање на политичко поентирање, не само што ќе го намали степенот на неквалитетно образование, туку и ќе ги дебалансира крефкиот соживот и мир помеѓу граѓаните на Република Македонија. Јасно е дека законодавниот дом е одговорен за донесување на законите, јасно е дека Парламентарното мнозинство може да донесе закони инспирирани од интересите на владеачката коалиција. Но, истата таа коалиција преку извршната власт е најодговорна за положбата на македонските граѓани. Опозицијата е коректив на владините постапки . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Паљошковски, заврши10 минути.

Збор има г-динот Даневски, а по него е г-динот Исмет Рамадани.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине пртседателе, дами и господа пратеници, господине министре,

Се обраќам до вас г-дине претседателе, иако тоа Деловникот не го дозволува, но, ќе си дозволам затоа што имам право како пратеник повеќе мандати кој е во Парламентот. Кога доаѓавте во Парламентот ве ценев затоа што мислев дека сте чесен човек и уште имам впечаток дека сте чесен човек. За да биде нешто цело треба да има се. Вие, г-дине претседателе, мислам дека паднавте на испитот и не би сакал да отвораме дискусија по ова прашање, затоа што постојат некои правила, норми, некои принципи и еве даваме 100 дена на Владата за нивното однесување, а ви даваме и на вас 100 дена. Јас би ги замолил колегите од ВМРО-ДПМНЕ да не поднесуваат сега интерпелација, да поминат 100 дена и да ги видиме вашите права на работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Даневски, преминете на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

И, тогаш ви реков дека доаѓате од земјотресното ижењерство и дека ќе го тресете парламентот, малку се насмеаа тука некои колеги, но навистина го тресете парламентот. Со тресењето на парламентот, ќе ја затресете и целата макдонска јавност. На некого пак му е смешно, но се прават антагонизми и она што требаше во овој период при овие избори рековме дека ќе го дигнеме дигнитетот на Парламентот. Дигнитетот на Парламентот е нула, почнувајќи од вас, па до сите пратеници. Парламентот не го положи испитот.

Да се вратам на темата, за да не ми забележувате, што имате право да ми забележите, сигурно дека дискутираа многу наши колеги, наши пратеници. Ние се спротивставуваме едни на други и обично болат обвинувањата, вие кога бевте на власт, не го направивте тоа. Не сега да се враќаме репроспективно наназад многу години. Уште некаде во 1994 година кога зборувавме од оваа парламентарна говорница, укажувавме дека она што е дадено со Европската повелба, човековите права, универзални права, дека не може некој да ги затвора. Секогаш правата на етничките заедници, на малцинствата, посебно на најголемата, албанците, секогаш се користеше за добивање на поени. Тогаш, се сеќаваме, се дигаа прсти и вака и така. Мене не ми сметаше од дел, сега, парламентарци од ДУИ, кои случајно се на власт итн., заборавааа, но тоа е нивно право и може да заборавaат. Но, секогаш треба да се вратиме назад кон историјата, да учиме и да не ги повторуваме грешаките.

Високото образование никогаш не било проблем за сите пратеници. Ние се договоривме и постои консензус кај сите политички партии дека високото образование на етничките заедници, посебно на албанците е решено и треба да се реши на најдобар начин. Значи, по тие права односно по ова, како да кажеме, во овој момент ние сме се договориле и тоа не постои како проблем. Значи, сите политички партии, се за тоа да се реши тоа, ако постои проблем. Она што стои дека се договоривме и има консензус за тоа дека Рамковниот договор не е обврзувачки со членот 6.2 и тогаш се договоривме сите политички партии меѓу редови се согласија дека и тоа прашање е апсолвирано. Она што стои забелешка околу процедурата, почнувајќи од членот 41 од Законот за високото образование дека е погрешена постапката, процедурата и она што стои како отворено прашање, дали една граѓанска иницијатива треба да се легализира, дали треба да се легализира тетовскиот универзитет, сега останува едно отворено прашање. По отвореното прашање ние имаме еден нонсенз, имаме три работи. Имаме Штулов универзитет кој е европски, кој функционира, кој со Законот 2000-та година е ставен во функција со помош на Европската заедница, дадени се некаде 60-70 милиони евра, имаме тн., див или незнам каков малоречански кој функционира 10 години и сега државата, законодавецот т.е. Владата, министерот ни предлага нов државен универзиет. Што сега ние треба да направиме. Ако дискутиравме толку и ако сите имаме консензус да се реши ова прашање, а треба а се реши, што ќе направиме ние. Ќе се изгласа, знаејќи каква е состојбата во Парламентот, знаеме што е демократија дека тоа е мнзинско право, парламентарното мнозинство предводено од СДС и ДУИ ќе го

излгласаат овој законски проект за трет државен универзитет. Сега, застануваме тука и велиме стоп. Еве, ова ќе биде. Што натаму? Сега, влегуваме во друга фаза, што ние ќе правиме со тн., тетовски универзитет. Никаде не слушнавме, ни од предлагачот, ни од министерот, зошто ни остава отворено прашање. Што ќе правиме ние со тие студенти. Се врти бројка 12, 13, незнам колкава е бројката, меѓутоа е повеќе од 10 илјади, што ќе правиме со тие. Тука се договоривме вака меѓу редови, се дуплираат некои факултети, почнувајќи од правниот економскиот, стануваат отворени факултетите од типот медицинскиот, стоматолошкиот и незнам кој тип, каде што има многу голема заинтересираност и самото јавување сега на г-динот Фазли Сулејмани, ректорот што е на тн., малоречански универзитет, кој бара накнадно, а уште не е почната постапката, преку факти бара 5 милиони евра. Најинтересен е медицинскиот факултет, затоа што на овој факултет, знаејќи дека не можат да ги исполнат добар дел на студенти, почнувајќи од Косово и од Приштина доаѓаат и се запишуваат токму на овој малоречански универзитет. За тоа да биде транзитна да се запишат една година и да се вратат назад и во Приштина и да се вратат во Тирана. Што ќе правиме сега со тие студенти кои завршуваат на медицинскиот факултет, како и дали тоа ќе го легализираме. Дајте да се договориме г-динеминистре и да го отвориме ова прашање. Што ќе правиме. За мене лично најголем проблем се финансиите, ќе дојдеме по шест месеци, г-дина пратеници, ќе го отвориме прашањето пак за ова. Ова прашање е отворено и не е решено, затоа што и во договорот уште во 2000-та година и овој тн., приватен европски Штулов универзитет и тој беше во фаза државата да го признае како државен и да се реши финансирањето. Никој не спомнува дали ќе биде етнички, јас не ги гледам аспектите, како ќе биде со просторот, со стручноста, со кадарот, не навлегувам во тоа. Останува отворено прашањето на финансирањето. Финансирањето ќе ни биде голем проблем. Не дискутираше никој во врска со финансирањето. Ќе се соочиме после 6 месеци, влегуваме во таква фаза нема да функционираат двата универзитети скопскиот и битолскиот, нема да функционира ни овој нов државен универзитет. Тоа е едната работа. Што ќе правиме со тие студенти? Ќе се легализира, ќе се вклопи, студентите нострифицираат дипломи, никаде тоа не го спомнавме. Јас очекувам министерот да даде на тоа прашање одговор. Вака, гледајќи го буџетот, го поминавме буџетот, буџетот го гледавме на сила. Тоа што дел од пратениците на ДУИ гласаа да се скрати гласањето, мислам да се скрати говорот на пратениците од опозицијата, за пет минути, тоа би било вака, кога би го скратиле тоа, ќе се прашаме како ќе реагираат пратениците. Секако, тешко, па и ова

е тешко и ова боли. Тоа е проблемот. Ова прашање го оставаме повторно отворено. Од тие причини сакам да чујам од министерот, а нема да одговори, затоа што гледајќи го буџетот кој го донесовме, некаде се предвидени 2 милиони евра. Тие два милиони евра не се доволни да функционира еден државен универзитет. Што ќе правиме? Пак ќе се вратиме на парламент и повторно ќе отвориме дискусија. Тогаш, ќе бидат други дискусиите, затоа што министерот треба да каже за да функционира државен универзитет, потребни се тие и тие пари. Не она дали ако чекаме како ќе биде оваа акредитациона комисија дали ќе ги исполни условите, ќе ги исполни. Ова што дел од моите пратеници зборуваа како ќе се произнесе Уставниот суд, и Уставен суд ќе ја признае оваа работа. Таква е позицијата и судството е ставено во ќоше и тоа мора да работи како што ќе му се нареди. За жал, таква е ситуацијата во државата. Ќе се вратиме, по трети пат зборувам, и нема да згрешам, тука е министерот, ќе дискутираме многу пожестоко кога ќе дојде финансирањето. Што легализираме ние, што даваме, без финансии, кој факултет ќе биде тоа. Не е битно нека влезат и на сила, нека донесат најдобри и најстручни професори од цел свет, но тие треба да се платат. Како ќе функционира тој нов државен универзитет ако нема пари. Дајте ова прашање да го решиме.Толку време отворивме, а суштинското прашање ние не го решивме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Даневски, 10 минути поминаа.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Еве, ве частам вас 10 секунди, оти верувате во господ и празник е денеска, ве частам 10 секунди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Горги Трендафилов, имате реплика.

ГОРГИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да му поставам само едно прашање, на г-динот Даневски, кога им сугерираше на пратениците од редовите на ВМРО-ДПМНЕ да не ја поднесуваат интерпелацијата за претседателот на Собранието, дали беше мотивиран, затоа што тој забележа дека, како што се вели, во светото писмо, боже прости им, не знаат што прават, па тој мисли дека и вие како пртседател на Собранието, не знаете што правите на еден ваков ден.

Благодарам г-дине Даневски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минута контра реплика од г-динот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

За г-динот претседател кажав, уште ккога доаѓаше за претседател при неговиот избор, добар дел од пратениците малку се насмеаа и му реков, г-дине претседателе, веќе ќе бидете избран, се знаеше какво беше расположението, немој вие сте инжењер по земјотресно инжењерство, немој да го тресете Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас сум доктор по науки.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Уште полошо. Како доктор тресете ептен докторски. Немојте да ја истресете Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Мавровски имате реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во контекст на дискусијата на г-динот Даневски, мислам дека е контрадикторен. Од една страна вели ќе падне Собранието, од друга страна ви дава 100 дена. Мислам што побрзо, тоа подобро, затоа што начинот на кој што функционирате мислам дека е крајно дрзок и воопшто не функционираме како Собрание, затоа што сите одлуки и се што треба да се донесе кога ви треба опозицијата, опозицијата е тука, а мислам денес е еден голем празник, после што вие самите мислам дека не требаше да ги прашуваше г-дата од ДУИ дали денес се за тоа да продолжат со работа, пошто со нивна интервенција продолжувате да работите. Но, сепак, мислам дека и кај вас има православни и крстени, а денес е собир на Свети Јован Крстител и мислам дека требаше досега веќе да бидеме дома. Добро, тоа не е ни токлу битно, за вас е очигледно така, битно е тоа што и на ваков празник работиме, ние не се цениме, кажуваме за Буџетот дека со тие два милиони тетовскиот универзитет ќе работи. Истото го кажа и г-динот Даневски, но тој кажа за 5 милиони, по она што го кажаа господата од тн., малоречански универзитет, тие 40 милиони ако ги поделите на три, доаѓа некаде околу 13,33 милиони. Значи, не се работи само за додатни пет милиони, туку за додатни 11 милиони. Е, сега, бројот на студентите и понатаму останува голем прашалник. Не знам колку од пратениците, еве и г-динот Блаже Стојановски, Балковски, Караџоски и незнам уште колку луѓе не се јавија тука, да прашаат колкав е бројот на студентите за да се отвори тој

универзиет, колку студенти ќе студираат, колку треба да завршат или се завршени па треба да добијат некои дипломи, таква работа сеуште никој не кажа. Се манипулира со бројка од 1300 луѓе до 13 илјади луѓе. Се работи за една, барем за мене, не примерна бројка, затоа што 13 илјади студенти во моментов би направиле еден 'ршум во образованието во Република Македонија, би се сторило не знам и овие што завршиле и овие што треба да завршат, сите дипломи, според Болоњската спогодба дека сето тоа ќе падне во вода, затоа што добивањето на вакви дипломи и признавање од една граѓанска иницијатива, верувајте ми дека тоа никој нема да го запре и уште денес веќе како што имаше на еден од написите дека го отвораат 16-от универзитет моментално како граѓанска иницијатива и се надеваат дека ќе стане државен универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Јордановски.

Минута г-динот Даневски, повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Сум за тоа и останувам на тоа дека ние како парламент треба да почитуваме некои правила, некои принципи и некои принципиелности. Останувам на тоа дека, еве и би го замолил претседателот на ВМРО-ДПМНЕ г-динот Никола Груевски да се воздржи 100 дена да му дадеме на претседателот на Собранието, да не се поднесе интерпелација, не дека нема грешки, не дека ќе се поправи, туку да почитуваме некои правила и норми. Да ги почитуваме правилата и нормите, затоа што постојат секаде во светот, постојат и кај нас.

Она околу тетовскиот универзитет, јас го кажав и останувам на тоа дека најголем проблем ќе остане финансирањето. Ние ќе се видиме овде после 6 месеци и сигурно дека ќе се бара измени и ребаланс на буџетот. Не секогаш се бара некои мислење стручно или кажување, туку се води една дискусија од инает, а инаетот глава чини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете Стојановски Блаже имате реплика од три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сакам да му реплицирам на г-динот Даневски, во делот на неговата дискусија што се однесуваше за финансиските средства, кои што се потребни за реализација на законот за основање на трет државен универзитет. Сакам тука да му укажам дека не се работи за финансиски средства, затоа што тие воопшто не им се потребни на

оние кои што предлагаат основање на овој тетовски униврезитет, туку се работи за можност, за манипулација со досегашните студенти на малоречанскиот универзитет, кои ќе бидат држани од страна на некоја комисија, која што ќе треба да им ги признава дипломите, што значи за да добие некој диплома, ќе треба да заврши некои други работи, а истовремено ќе се отворат можности, за отворање нови факултети. Се надевам дека еден од тие факултети, кој што досега не е спомнат никаде, меѓутоа, може да биде како еден предлог од опозицијата, тоа нека биде една воена академија, каде што нема потреба од посебно искуство, затоа што голем број припадници на ОНА ќе можат да добијат дипломи веднаш со нивното запишување на ваква академија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Блажевски, тоа не е во рамките на денешната тема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, процедурално има г. Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Г-дине претседателе, сум забележал, многу пратеинци било од позицијата, било од опозицијата кога зборуваат, кога го спомнуваат поимот албанец обично манипулираат со поимите, термините малцинство, етничка група, националност итн. Со Уставот е дефиниран статусот на албанците и на македонците, но и на другите. Таму многу добро се наведува дека сме народ.

Затоа, барам од вас да им укажете во иднина кога дискутираат да не го употребуваат од сега па натаму зборот националност за албанците, туку така како што е напишано во Уставот, значи како народ.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Потполно се согласувам бидејќи во Уставот пишува дел од албанскиот народ и јас апелирам до сите пратеници кои го почитуваат, а се колнеме дека го почитуваме Уставот, да така се изразуваат.

Една минута одговор на реплика има г. Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Тоа што се забележуваше околу моето излагање во делот на финансирање, мислам дека со новиот тетовски универзитет ќе се отворат големи проблеми таму така што ќе мора да се положат големи рачуни таму и сигурно дека ќе се отворат проблемите таму во смисла на финансирање. За тоа што ќе се отвори кој давал пари, како давал пари, колку се парите, така што нема да биде лесно. Затоа што, ако се прави државен универзитет, а веќе расположението е дека ќе се прави, ќе се воспостават некои правни норми и правни рамки и правила на игра. Така што тоа нема да биде наш, ваш, туку ќе биде државен универзитет со Република Македонија .

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Исмет Рамадани, имате право на 10 минути.

Нека се подготви пратеникот Ванчо Стаменков.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, дозволете ми моите 10 минути за дискусија да не ги искористам иако имам многу да кажам. Ова време што го поминав во Парламентот се повеќе ми се зголемува мојата смисла за одговорност. Сега достигна кулминација и знам некој друг после ќе ми злоупотреби со разни реплики. Затоа се повлекувам од мојата дискусија во интерес на тие студенти и таа младина што го очекува чинот на гласање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г. Ванчо Стаменков.

Не е присутен.

Збор има г. Коце Трајановски. Вие како координатор имате 15 минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Ќе се обидам во времето што е дозволено, што практично е ограничено, да го искажам уште еднаш својот став, своето мислење и своите аргументи по основ на донесување на овој закон со кој што се основа државен универзитет во Тетово.

Во минатата седница кога беше овој закон на дневен ред расправавме три дена и две ноќи, не успеавме да ја убедиме позицијата. Владата го повлече овој закон и добро направи што го повлече, меѓутоа мислевме дека ќе го доработи и ќе достави еден законски проект врз основа на дискусиите што беа овде во Парламентот од дискутантите, независно од која пратничка група припаѓаат, меѓутоа не се случи тоа. После кратко време, минимално, колку што е дозволено со законот се врати истиот Закон. Практично го гледаме истиот Закон и со тоа сите дискусии што беа Владата не најде слух, не најде осет да ги земе предвид, се со цел да се понуди еден поквалитетен законски проект што ќе биде прифатлив со поголем број пратеници, да не речам и консенсуално.

Ние, на оваа седница, со оглед на тоа што не ограничивте, согласно членот 83, на 10 минути, се обидуваме уште еднаш со нашите аргументи да влијаеме за последен пат до пратениците од позицијата да го променат своето мислење и овој проект да може повторно да се врати на Владата на дополнително разгледување.

Во прилог на ова одат и многуте анкети што се спроведени во Република Македонија  од пишувањата и потпишувањата на многу стручњаци од оваа област дека овој закон би требало да се преработи. Потајно се надевавме, меѓутоа еве, не се послуша ниту гласот на јавноста што ќе се рече, Владата е упорна во овој проект, не знаеме зошто. Претпоставуваме дека има само еден одговор, а тоа е политички договор помеѓу СДС и ДУИ уште при правењето на коалиционата Влада, на коалицирањето. Ова е најверојатно еден од законите што бил договорен, инаку не би знаел како инаку да ја оправдам ваквата упорност и ваквата затвореност на Владата на Република Македонија .

Ние укажавме и пак ќе укажуваме на последиците на донесувањето на овој закон дека на некој начин се нарушува мултиетничкото живеење, опаѓа вредноста на дипломите што се стекнати во Република Македонија на сите нас, на оние кои студираат, на оние кои понатаму продолжуваат и ќе завршуваат, бидејќи сметаме дека со основањето на овој универзитет нема да го има тој стандард на студирање и тие дипломи нема да бидат со таков квалитет каков што треба да бидат, како што се на постојните два универзитети во Република Македонија . Така што вредноста на дипломите како во Република Македонија , а уште повеќе надвор, во странство, ќе бидат доведени во прашање и со тоа практично е загрозен секој оној кој завршил факултет или кој смета дека ќе треба да заврши факултет. Сметам дека ова е голем удар што ќе се нанесе во високото образование во Република Македонија . Да не зборувам за хиперпродукција на кадри.

Од законот, сметам дека нема основ, кажаа многу мои колеги, јас сакам само уште еднаш да потенцирам со оглед на тоа што сум еден од последните говорници, согласно Рамковниот договор, точката 6.2. од Рамковниот договор нема никаква законска или да речам договорна основа за основање на овој државен универзитет во Тетово, бидејќи таму изрично стои дека само врз основа на договор Владата на Република Македонија ќе финансира високо образование на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија .

Исто така, во точката 6.3 од тој Договор се вели дека ќе важи уписот на позитивна дискриминација се додека не се запази соодносот , согласон на тоа колку ги има од заедницата што не се мнозинство во Република Македонија . Исто така, и во Уставот неможе да се најде основ за донесување на овој закон, бидејќи Амандманот 8, согласно на тој амандман, припадниците на заедниците имаат право да основаат културни, научни и образовни институции во Република Македонија , што не значи дека и високообразовни институции, бидејќи не е децидно кажано. Децидно се наброени само основното образоване и средното образование.

И во Законот за високо образование сметаме дека нема основ за основање на овој државен универзитет. Практично ВМРО-ДПМНЕ пред неколку месеци пред Уставниот суд оспори одредени измени и дополнувања што беа донесени во месец јули оваа година на Законот за високото образование. Меѓутоа еве 4-5 месеци Уставниот суд молчи. Не знаеме од која причина. Периодот е долг, меѓутоа очигледно тоа е од политичка природа и сметаме дека можеби и поради тој основа требаше да се причека решението на Уставниот суд, за да би знаеле дали има устевен основ за донесувањето на овој закон.

Законот е доставен во истата верзија како што беше и претходно приложен. Се состои само од пет члена. Многу краток закон и сметам дека практично е нон сенс да се прави универзитет со вака краток закон на една страница со пет членови и со едно кратко образложение. Се прашував дали некаде во светот се основаат универзитети со вака скромни и декларативни закони. Мислам дека и за основање , регистрирање на една пиљара треба поголем број на документи отколку документов за една ваква значајна институција во Република Македонија .

Во законот, во членот 1 се вели се основа во Тетово државен универзитет што има пет факултети: Природно-математички факултет, Економски, Правен, Хуманитарни науки и Виша школа. Сакам да кажам дека не е наведена адресата, како што кажаа тука претходните дискутанти, практично не се знае каде ќе се

изведува наставата на овој универзитет што го основаме , а метам дека тоа е една од многу значајните точки.

Гледајќи ги овие факултети постои дуплирање со факултетите на Штуловиот унверзитет и на тој начин практично, на една мала територија на само од 3 км. одалеченост еден од друг постоја три универзитети: така наречениот мало речански, Штуловиот универзитет и овој државниот во Тетово. Бидејќи одредени факултети сеуште остануваат во нелегалниот факултет во Мала Речица. Значи, со овој закон не се решава целосно високото образование на мајчин јазик на граѓаните кои се од албанската заедница.

Покрај овој закон нам случајно ни падна во раце и Проектот за основање на овој државен универзитет во Тетово. Сметам дека е случајно потурен инаку требаше да биде легално даден на сите пратеници, бидејќи содржи околу 500 страни, најверојатно е доставен само до координаторите на пратеничките групи.Меѓутоа, ако го погледнеме овој проект можеме да забележиме дека тој по својот квалитет на изготвување не е онаков каков што треба за основање на еден државен универзитет. Таму, изјавите што се даваат на оние кои аплицираат дека ќе бидат професори на тој факултет, практично има само име и презиме и одредена титула без поткрепа на тоа каде таа титула е донесена, како е направена, нема одредено адреси, испишано со слободна рака. Практично еден многу, да не речам во најблага речена форма еден несериозен документ за основање на една ваква институција во Република Македонија.

За овој Проект има Мислење од Одборот за акредитација чиј што претседател е Тито Беличанец. Јас ова мислење го имам и од тоа мислење може да се заклучи дека практично Одборот за акредитација како многу значајна функција чие мислење се доставува до Владата  би требало да се разгледува од Владата, Владата да го има предвид ова мислење од од Одборот за акредитација. Значи, во него воопшто не се дава поддршка на основањето на овој универзитет. Само би кажал дека таму, во неколку точки е наведено дека треба да се земе предвид што е нагласено, меѓутоа исто така сакам да напомнам дека тука многу јасно е кажано дека средствата потребни за основање на овој универзитет воопшто не се доволни и не се предвидени во онаква форма во каква што би требало да бидат предвидени. Многу е јасно дали се доволни или не се доволни тие средства. Исто така, кажано е дека не е доволна ниту опремата што е  таму дадена во Проектот. Јас мислам  за таков универзитет опрема дадена на една страна во најмала рака е неозбилно.

Притоа се вели дека ќе се користи опремата од другите високообразовни институции во Република Македонија што се наоѓаат во Скопје, Битола или на други места.

Се вели дека ќе се користат и просториите од тие постојни факултети и притоа се јавува, појавува кај постојните факултети едно стравување дека практично просториите и опремата на овие факултети ќе се користат за работа на државниот универзитет во Тетово. Така што, после одредено време може да се случи дека Владата, со решение, одредени предавални одредени лаборатории да бидат отстапени на користење на државниот универзитет во Тетово. Исто како што беше со одредени средни школи во Скопје, особено во Скопје и Битола, така што сметам дека во тој домен не е до крај дефинирано со Проектот каква се опрема треба да има и каде се треба да се вршат предавањата на овој државен универзитет, што уште повеќе одлуката ја прави политичка. Значи, сето ова е донесено врз основа на еден политички договор меѓу СДСМ и ДУИ.

Со ова Одборот за акредитација како еден многу значаен фактор јасно укажува дека овој универзитет нема потреба да се отвори и овој закон, врз основа на овој проект не може да се основа.

Исто така, ги имаме заклучоците во меѓувреме од Ректорската управа на Универзитетот Свети Кирил и Методиј во кој што искажуваат револт на ваквиот начин на основање на државниот универзитет во Тетово, па имаат во 5-6 точки на гласање поради кои точки не согласуваат со основање на овој универзитет. Мислам дека треба да се земат предвид и овие размислувања, уште една институција што е многу значајна во Република Македонија.

Исто така, Универзитетскиот сенат има свои ставови по овој универзитет во кој што децидно кажува дека на овој начин не може да се основа универзитет во Тетово. Практично, високото образование не треба да се прави по етничка припадност бидејќи знаеме дека ако го споредувате со Штуловиот универзитет, таму предавањата се изведуваат на англиски, македонски и албански јазик.

Имаме заклучоци и од Наставно - научниот совет на Природно математичкиот факултет, како еден од факултетите што е предвидено да постои во државниот универзитет во Тетово. Тие укажуваат дека процентот на завршени студенти на ПМФ досега е околу 15% на вкупниот број на студенти, значи да не се манипулира со процентот дека само неколку проценти од албанската популација завршила или е запишана на овие факултети. Во Заклучоците од ПМФ е нагласено дека на овој универзитет ќе му бидат потребни многу повеќе пари отколку што е тоа зацртано со

Проектот, тоа што е напишано во законот за основање на овој универзитет. Притоа нагласуваат со какви се проблеми се судираат постојните два факултети во Република Македонија од аспект на финансиски средства како и на студентскиот стандард што е во катастрофална состојба токму на овие факултети. Значи и од тој аспект овој законски проект воопшто не е издржан.

Значи, ги имаме мислењата од овие релевантни фактори, но сепак Владата на Република Македонија продолжува со овој Проект. Користејќи го мнозинството на парламентарните групи, сметаме дека ќе го донесе овој Проект и нашата задача беше да ги искажеме нашите размислувања ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски имате уште 20 секунди.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Притоа сакаме да кажеме дека е потребно да се земат предвид потребите на Република Македонија за високо образовни кадри како и квалитетот на тие кадри што ќе произлезат од овие високо образовни институции како што е оваа институција, државниот универзитет што сега се основа и притоа да се земе предвид Штуловиот универзитет како би можело целосно да се реши прашањето на високото образование на мајчин јазик на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

За овој закон за основање на државен универзитет во Тетово еве расправаме многу денови, се искажаа многу аргументи од сите аспекти може да се каже кои говорат дека Парламентот не треба да го донесе овој закон. Немаше аргументи или имаше моменти кога еве и претседателот на Собранието сакаа да го оправдаат ова донесување на законот дури со споредување со некој филм, но немаше вистински аргументи кои ќе бидат на страна на Владата, односно на предлагачот на Законот дека овој закон треба да се донесе во Парламентот.

Иако е така, јас лично мислам дека законот ќе се донесе, ќе биде усвоен во Парламентот и ќе се формира овој трет државен универзитет во Тетово.

Посебно сакам да истакнам дека еден од најголемите аргументи за недонесување на овој закон е моментот во кој го носиме. Анализата на состојбата во државата од економски план, од безбедносен план од она што значи меѓуетнички соживот и разбирање укажува дека ваков закон најмалку ни е потребен во овој момент. Можеби по извесен период од неколку години ќе биде донесен еден ваков закон за основање на трет државен универзитет во Тетово каде ќе имаме поголема застапеност на македонците од албанскиот народ.

Уште еднаш би апелирал до пратениците да не гласаат за овој закон, бидејќи штетите кои ќе ги направиме на државата ќе бидат несогледливи и ненадоместливи во еден подолг период. Штетите прво ќе бидат врз целото образование во државата најмногу врз високото образование, а сето тоа ќе се пренесе во материјална смисла и надолу во средното образование и во основното образование. Сите овие институции ќе имаат многу помалку средства за трошење бидејќи знаеме дека нашиот буџет е тој и неможеме да го зголемиме во еден подолг период. Зошто неможеме да го зголемиме. Јас зборував кога зборуввме за Буџетот. Баш ради овие луѓе кои што сега сакат да се формира трет државен универзитет. Затоа што не ги дисциплинираат своите членови прво партиски да уредно си ги плаќат даноците на државата, затоа што они се тие генераторите на сивата економија, на шверцот и така натака, не си ги плаќаат сметките према одредените јавни државни претпријатија како што е Електростопанство, со тоа нанесуваат штета и на самите себе и на она што се вика образование на албанците во Македонија. Затоа што колку имаме помалку пари во буџетот, толку помалку ќе имаме и можности да оформиме што поквалитетно државно образование во сите нивоа. Така да подобро нека си се свртат кон самите себе, да ги пронајдат проблемите во својата партија и да помогнат на државните институции,односно државните органи да законот влезе на целата територија на државата. Да немаме вакви безданчи безцарински зони како што се за Арачиново и другите и да лобираат кај своето членство да си ги плаќат давачките према државата.

Е, тогаш кога ќе се среди сето тоа, можеме да разговараме за финансирање на високото образование и ќе имаме многу повеќе пари и сигурно дека ќе имаме помалку проблеми околу донесување на еден ваков закон.

Инаку, од сето ова што како дискусии беше кажано тука, после сите изговорени аргументи, а сеуште иде на таа линија да се донесе овој закон, произлегува една вистина која што мораме да ја кажеме, а тоа е дека има долг на коалициониот партнер во Владата кон одредени свои членови кои што мора да го

исплати. Тоа е да ги легализира дипломите, или да и даде дипломи со кои што ќе можат да се вработат во државните институции. Ние сме сведоци веќе, дека и одредени луѓе со такви дипломи кои што не се легални и не се сеуште легализирани веќе работат во образованието, еве можеме тоа да го прочитаме од средствата за јавно информирање, има такви вработувања во Тетово, сведоци сме дека водоинсталатери работат на директорски места, и сите тие луѓе ќе добијат дипломи и веќе нема да бидат водоинсталатери, него ќе бидат некои дипломирани правници, дипломирани економисти или некои дипломирани професори.

Тоа е крајната цел на сето ова, односно на сите овие денови кои што ги поминавме во Парламентот и таа цел мора да се постигне. Треба да си го признаеме тоа дека е така, и да не се криеме зад високото образование на албанците кое што е неопходно во овој момент и кој што сакаме да го оствариме со овој закон. Тоа се само лични интереси на одредена партиска групација, односно луѓе кои што ја задолжиле оваа партија во изминатите години. Ја задолжиле со своето дејствување незаконско, граѓанската непослушност и рушењето на државата. Знаеме како ја задолжиле бидејќи биле членови на таа терористичка органиција, ОНА која што еве сега има и свој претставник во Парламентот преку политичката партија ДУИ.

Така да крајно време е пратениците од коалициониот партнер СДСМ да и кажат не на една ваква работа и да се прекине со ова во Парламентот, односно еве апелирам уште еднаш на крајот да не се донесе овој закон за основање на државен универзитет во Тетово. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве молам да го повториме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеника, од кои 66 пратеника гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 66 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 5 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Замир Дика, поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот за менување на член 1, за менување на член 3 и за бришење на член 5, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Блаже Стојановски, Коце Трајановски, Марија Којзеклиска, Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Чедомир Краљевски, Слободан Чашуле, Сашко Кедев, Ѓорѓи Оровчанец и Михајло Георгиески, поднесоа амандмани за бришење на член 1, за бришење на член 2, за бришење на член 3 и за бришење на член 4, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучија пратениците Марјан Ѓорчев, Илија Китановски, Ѓорѓе Паљошковски, Ванчо Стаменков, Илија Србиновски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Аднан Ќахил.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Господинот Замир Дика, бидејќи не учествувавте во расправа, а како координатор имате 15 минути да го образложите овој амандман.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател, почитувани колеги, господине министер,

Јас, во интерес на јавноста, сакав само да објаснам кој е составот на овие амандмани предложени од страна на ДПА. Фактички ова се неколку амандмани со кои се прави обид да се подобри решението понудено од страна на Владата и тоа во следната насока:

Во Законот предложен од страна на Владата насловот на законот е Закон за основање на универзитет во Тетово. Ние предлагаме насловот на законот да се измени и истиот да гласи и да се замени со Закон за легализација на тетовскиот универзитет.

Другите амандмани кои следат се однесуваат на структурата на овој универзитет кога ќе се легализира. Значи, ние наместо четирите факултети и едната виша школа која ја предлага Владата ние предлагаме да се легализира тетовскиот универзитет со севкупната постоечка структура и да се изнајде начин да се легализираат сите студенти кои стекнале знаење на овој универзитет.

Исто така амандманот кој следи се однесува на формирање на една матична комисија која ќе ја спроведе оваа легализација и во меѓувреме на Владата и се дава време да го предложи начинот како ќе продолжи да функционира овој универзитет, со кои факултети, се со идеја, се со намера да се формираат 5 нови факултети со цел на албанските студенти да им се овозможи да избираат меѓу десет факултети и на тој начин мислиме ова решение кое е парцијално и многу тешко може да профункционира, да се замени со едно севкупно решение за високо образование на албански јазик. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Дика.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеника, 10 гласале за, 2 воздржани и 53 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Коце Трајановски, Марија Којзеклиска, Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Чедомир Краљевски, Слободан Чашуле, Сашко Кедев, Ѓорѓи Оровчанец, Михајло Георгиески Марјан Ѓорчев, Илија

Китановски, Ѓорѓе Паљошковски, Ванчо Стаменков, Илија Србиновски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој од предлагачите бара збор по амандманот?

Госпоѓа Силвана Бонева, имате 5 минути, повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата,

Се приклучив како еден од предлагачите за бришење на член 1 од Предлог-законот за основање на државен универзитет во Тетово од следните неколку причини.

Бидејќи сметам дека не произлегува од една национална стратегија за развој на високото образование во државата од кое ќе се види дали има потреба за основање на ваков универзитет и со овие факултети кои се дадени.

Понатаму, не произлегува од потребите на пазарот на трудот, тоа јасно укажува дека основањето на ваков универзитет со вакви факултети како што се предлага на само еден километар оддалеченост два универзитети во кои ќе струдираат млади на правни факултети и на тетовскиот универзитет и на Универзитетот на Југоисточна Европа па и економскиот факултет, а знаеме колкав е бројот на невработени вакви кадри во државата. Тоа зборува дека овој закон не се заснива ниту на опсежна анализа за потребите на пазарот на трудот.

Понатаму ќе кажам дека не се почиувани ниту потребните стандарди, според Законот за високо образование кои треба да ги исполни една високообразовна институција за основање на државен универзитет и се обидовме во претходните неколку дена со многуте расправи да укажеме дека не се исполнети ниту просторните услови, ниту основни средства кои се неминовно потребни за една квалитетна расправа, ниту дека има потребен наставен кадар.

Сметам дека овој член односно овој Предлог на закон со кој се основа државен универзитет во Тетово не произлегува ниту од потребата за интеграција на етничките заедници во Република Македонија, бидејќи се врши гетоизација со ваквиот закон. Самиот факт што не им се дозволува на младите од албанската етничка заедница да студираат заедно на факултети со младите македонци и припадниците на другите етнички заедници да се запознаат меѓу себе како луѓе, како

колеги кои ќе делат една иста судбина и понатаму иднината на државата ќе биде во нивни раце, туку се остава да се гледаат апстракно ако припадници на одредени колективитети, тоа зборува за гетоизација на младите албанци и не е во прилог на интеграцијата, толку потребна, во Република Македонија.

Веќе е апсолвирано прашањето за високото образование на албанците со донесувањето на Законот за високо образование во 2000 година, бидејќи сите знаеме дека Законот за високо образование беше донесен врз основа на една опсежна анализа на сите меѓународни акти кои ја тангираат оваа проблематика од страна на наши експерти, бидејќи Комисијата беше составена не само од експерти од Република Македонија, не само од претставници на политичките партии со исклучок на претставници на СДСМ кои тогаш беа опозиција и не сакаа да дадат прилог во подобрување на текстот на Законот за високо образование и во исто време во оваа Комисија беа присутни претставници на меѓународната заедница.

По консултирањето на сите меѓународни акти, по сугестиите на меѓународната заедница се во прилог на подобрување на текстот на законот за високо образование, беше донесен овој Закон за високо образование кој беше оценет многу високо од меѓународната заедница и кој конечно го реши, барем така стои во зборовите на претставниците на меѓународната заедница, на претставниците на ОБСЕ, на Европската Унија и на господинот Ван Дер Штул кој, еве овде ќе прочитам што вели по повод Законот за високо образование.

“По мое мислење Законот има 4 важни аспекти. Најпрвин сметам дека ова претставува сериозен напор да се овозможат правните основи за еден систем на високо образование во Македонија, што ги задоволува основните барања на високообразовен систем на 21 век”.

Втора важна работа, вели господинот Ван Дер Штул е тоа што Законот ја одразува европската ориентираност на Македонија, ориентираност која широко е поддржана од страна на земјите членки на Европската Унија. Мислам дека законот дава одлични основи за интензивирање на контактите помеѓу високообразовните институции на Македонија и на оние од Европа и така претставува уште еден натамошен чекор што Македонија го презема во однос на приближувањето кон Европа.

Трето,јас дојдов до заклучок дека овој предлог закон е во согласност со меѓународните и европските стандарди на ова поле и овој закон ги дава правните основи за изнаоѓање на решение за употреба на малцинските јазици и за употреба на модерните светски јазици.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓа Бонева, поминаа вашите минути.

Господине Блаже Стојановски, како предлагач имате ваши пет минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Овој амандман што е предложен се однесува на бришење на членот 1 на предлог законот, а тоа сакам да го образложам на следниот начин.

Со утврдувањето на член 1 каде што се утврдува основање на државен универзитет во Тетово, како предлагач на овој амандман сметам дека единствено што се прави, се официјализира насилството како средство за остварување на политички цели. Имено, насилно, незаконски, отпочна со активности овој параунииверзитет од Мала Речица, насилно се влезе во просториите на “Тетово табак”, насилно без аргументи се турка донесувањето на овој закон, со кој се легализира нешто што не законски егзистира. Меѓутоа, не се одговара на прашањето што ќе стане со нелегализираните факултети, односно оние кои не се опфатени со овој предлог закон, дали тоа не е зачеток на нов иден универзитет кој ќе се основа со ист политички притисок, што ќе стане понатаму со Штуловиот универзитет, кога ќе треба државата државата да го преземе под свое, во кој се вложени 60 милиони евра, за какви образовни тсандарди станува збор со основањето на овој универзитет, каков квалитет на образование имаат оние чии дипломи стекнати на незаконски начин треба допрва да се легализираат и дали со тоа се врши дискриминација на оние кои студираат или студирале на легалните универзитети, согласно легално утврдена програма.

Во овој момент сакам да ги искажам ставовите на универзитетскиот Сенат. Еден од ставовите е следниот:

“Неопходно е Министерството за образование и наука да го зголеми Буџетот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”. При тоа, зголемувањето на Буџетот е неопходно и со оглед на реалните потреби за изведување на наставата во која се применуваат хемиски, медицински, електронски и други средства, неопходни во практичното демонстрирање и учење на наставните содржини. Воедно, во ваква финансиска ситуација не е можно изведување на наставата по предметот физичко образование. Доколку не дојде до зголемување на Буџетот, тогаш Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” ќе биде приморан да го активира заклучокот 6, кој едногласно

беше донесен на вонредната седница на Ректорската управа, одржана на 30 јануари 2002 година, во кој се предвидува да се прекине наставата на целиот Универзитет.”

Се надевам дека Сенатот ќе остане доследен на овој став.

Исто така, наредниот став на Сенатот е следниот:

“Ургентно и без какво било условување, да се зголеми стандардот на студентите кој и така е на мизерно ниво, бидејќи сите досегашни ветувања дека студентскиот стандард ќе биде подобрен, завршуваат со покачување на цените”.

Сите овие причини кои ги наведов, се однесуваат на стандардот на студентите на останатите универзитети во Република Македонија, на квалитетот на образованието во Република Македонија и на потребата за целосно решавање на правото на високо образование на албанците во Република Македонија, навистина треба да бидат еден фактор кој ќе не замисли, во однос на донесувањето на овој закон. Затоа, јас апелирам од овие аспекти да биде прифатен овој амандман и на тој начин да се направи закон кој навистинарс ќе ги реши прашањата со албанците, ќе оневозможи секаква идна ескалација на меѓуетнички план и на тој начин Република Македонија да тргне во правец на нејзино вистинско стабилизирање, а не во водење на политиак по пат на пазарење помеѓу учесниците во Владата, односно ДУИ и СДСМ заради нивни политички цели.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Господине Мавровски, како предлагач имате право на пет минути.

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Мислам дека со овој амандман министерот имаше можност сите овие расправии да ги заврши и да размисли како треба да се отвори еден универзитет, ако треба да се отвори, затоа што во самата постапка и начинот на кој е почнат да се отвора универзитетот, мислам дека Уставниот суд ќе го обори, затоа што и во Законот на високото образование на кој се повикува министерот, почетокот беше Охридскиот договор, но кога се виде дека тоа не е точно, сега се повикува на Законот за високо образование, а тау добро стои дека државен универзитет може да

формира само Парламентот на Република Македонија. Колку што јас знам, од тука иницијатива не е потегната.

Ние добивме од Владата на Република Македонија закон со кој треба да го прогласиме овој државен универзитет во Тетово, да го основаме како државен универзитет. Мислам дека е тоа голема грешка и уставно не е издржано и без разлика каква одлука ќе донесете, мислам дека истата ќе биде оборена. Тоа е од уставна гледна точка.

Одборот за акредитација, во она што ни го изложи по однос на оној голем проект што тука ни го презентира министерот Положани, некаде од 300 страници, во кој кажува како се формира овој универзитет, уште повеќе може да не убеди дека овие пет факултети како што се тука напишани, Природно-математички, Факултет за хуманистички науки и уметности, Економски факултет, Правен факултет и Центар за политехнички студии.

Јас гледам дека и кај колегите пратеници од албанската народност дека и тие самите незнаат колку факултети во моментот функционираат и колку треба да се признаат. Значи, ние тука од една страна признаваме некој универзитет, или го формираме, од друга страна признаваме нешто што како тие кажуваат функционираат, незнам колку време. Но, тука се сите забелешки од господата од Ректорската управа.

Главните забелешки во однос на формирање на еден универзитет, кои ги даваат тие е дека во развојот и ширењето на нови универзитети во Република Македонија треба да се поаѓа од образовните, научните и кутурните потреби и активности, не од политички, етнички, партиски и тесно - партиски интереси. Значи, во случајов, од сите излагања што ги слушавме од господата од позицијата, слушнавме дека тука заправо се работи за партиски договор меѓуниверзитет ДУИ и СДСМ и дека тој договор, по цена на било што, треба да се донесе и да се прогласи овој универзитет како издржан.

Не се гледаат сите овие стручни забелешки што дојдоа, еве би цитирал заклучоци од Ректорската управа:

“При отворањето на нов државен универзитет мора да се води грижа да бидат исполнети одредбитге од Правилникот за нормативите и стандардите за вршење на високо образовна дејност и на Упатството за обезбедување и оценување на квалитетот на високо образовните установи и на академскиот кадар, кој се вработени, се со цел универзитетите во Република Македонија да се хармонизираат со семејството на европските универзитети, за да им се обезбеди на студентите

препознавање и признавање на дипломите од државните универзитети, на пазарот на работната сила во Европа и во светот, а не истите да се девалвираат со отворање на државен универзитет, без препознатливо академско јадро, академска култура и академска атмосфера."

Сите овие забелешки од стручните луѓе кои моментално ги водат нашите универзитети и од луѓето кои ја знаат правната процедура, укажуваат дека вие правите еден упад во законот за високо образование. Мене ми е жал што во тој упад учествуваат и професори од Универзитетот "Св.Кирил и Методиј". Мислам дека тие треба да бидат заштитниците на сето ова, затоа што се што е легално, се што функционира и се што се покажало добро во претходните две или три години, како што работел универзитетот на Вандер Штул и каде се вложени огромни средства, ние сакаме да го поништиме и наеднаш сите тие студенти да ги префрлиме на некој државен универзитет, на некоја државна квота каде што тој универзитет ќе функционира или не. Од овие пет факултети што тука ни се наброени, сигурно за многу кратко време, само за еден месец, Владата на Република Македонија ќе даде можност да станат 13 и од 1.300 студенти да се направат 13.000 студенти и сето тоа со закон и со законот за мнозинството кое цело време го применувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски, поминаа пет минути.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, за гласале 14, воздржани нема и против 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Господа пратеници, тука ја прекинувам седницата, продолжуваме утре во 10,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 19,25 часот)